Согласно Наредбата Бр.02-66/1 од 23.01.2017 год., а врз основа на член 35 од Статутот на ЈП,,Македонски шуми,, – Скопје и врз основа на член 69-а од Законот за шуми (Сл. Весник 102/13) за Електронскиот систем за следење на дрвната маса задолжително да се применува од 01.01.2017 год., вработените задолжени со уредите за следење на дрвната маса, софтверот за план и анализа и софтверот за сметководство се задолжија секојдневно да ги следат и усогласуваат податоците од електронскиот систем за следење на дрвната маса.

Во текот на деловната 2018 година се продолжи со имплементацијата на електронскиот систем за надзор и контрола на движењето на дрвната маса од ознака за сеча: фаза сеча, фаза дотур, фаза превоз од шума до склад на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми Македонски шуми; од склад на Јавното претпријатие до складот на правни лица регистрирани за промет на дрво и дрвни сортименти; од склад на Јавното претпријатие и правните лица регистрирани за промет на дрво до крајниот купувач; како и од шума или склад на ЈП и правните лица за промет на дрво и дрвни сортименти до пилана. Електронскиот систем за следење на дрвната маса согласно член 69-а од Законот за шуми се воспостави и се води во Јавното претпријатие Македонски шуми. Вработените задолжени со уредите за следење на дрвната маса, софтверот за план и анализа, софтверот за сметководство се должни да продолжат секојдневно да ги следат и усогласуваат податоците од електронскиот систем за следење на дрвната маса.

Со зголемување на производството и прилагодување на цената на дрвото и дрвните сортименти ќе можеме да бидеме конкурентни на пазарот на енергенси.

***Реализирани активности од Инвестиционата програма за 2018 година:***

- Доградба и адаптација на постоечки објект во Кавадарци за формирање на тренинг центар за заштита на шумите од пожари и изработка на проектна документација во износ од 8.500.000,00 денари. Реализација на оваа активност ќе биде во две етапи и тоа: изработка на проектна документација и доградба и адаптација на постоечки објект во Подружницата „Бор“ Кавадарци за формирање на тренинг центар за заштита на шумите од пожари. По спроведена постапка на 26.04.2018 година е склучен договор за изработка на проектна документација во износ од 500.000,00 денари.
- Во делот на останати објекти од Изградба – Реконструкција на градежни објекти во Инвестиционата програма за 2018 година, планирана беше Реконструкција на Управните згради во Подружниците во Гевгелија и Струга во вкупен износ од 1.000.000,00 денари. Реализацијата на оваа инвестициона активност во износ од 959.810,00 денари во целост е завршена.
- Печатари и фотокопири - планирани средства во Инвестиционата програма за овој вид на набавка беше во износ од 265.000,00 денари. По спроведена постапка склучен е договор на 07.05.2018 година во износ од 260.000,00 денари.
- Потопна пумпа за вода во расадник Св.Николе, планирани средства 104.600,00 денари ............вредност на набавката 82.295,00 денари без ДДВ.
- Санација на Парен котел тип ТЕ116 Минел во трушница Берово, планирани средства во износ од 250.000,00 денари ..... вредност на набавката 227.000,00 денари.
- Набавка на Парен котел во подружниците во: Д.Капија, Охрид, Кичево, Ресен и Крива Паланка, планирани финансиски средства во износ од 508.000,00 денари ......... реализација на набавката во износ од 362.500,00 денари без ДДВ, со тоа што и по третата објава за спроведување на оваа набавка за Подружницата Кр.Паланка не е извршен избор.

Постапката за јавна набавка на основни средства согласно Инвестиционата програма за 2018 год. е започната во 2018 година и истата е во тек и тоа за:

- Набавка на Товарни возила–камиони во износ од....35.772.000,00 ден.
- Набавка на Теренски возила – џипови во износ од ....5.114.000,00 ден.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ПАТИШТА ВО 2018 год.

Табела 7

**1. Со сопствена механизација**

| Вид на шумскокамионски пат | Вкупно планирано за изградба во 2018 год. - км - | Вкупно изградено во 2018 г. - км - | Категорија на земјиште | Вкупни трошоци за минирање во денари | Средна цена на чинење за 1 км - денари - | Вкупни трошоци - денари - | Тип на механизација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 = 6 * 3 | 8 |
| ТВРДИ ПАТИШТА | 0,00 | | | | | | |
| МЕКИ ПАТИШТА | 214,40 | 162,68 | | | 304.236 | 49.493.145,00 | |
| РЕКОНСТРУКЦИЈА | 320,95 | 550,45 | | | 26.321 | 14.488.551 | |
| ПРОЧИСТУВАЊЕ | 1.319,95 | 2.420,12 | | | 18.129 | 43.873.868 | |
| ВКУПНО : | 1.855,30 | 3.133,25 | | | | 107.855.564 | |

**2. Со други услуги**

| Вид на шумскокамионски пат | Вкупно планирано за изградба во 2018 год. - км - | Вкупно изградено во 2018 г. - км - | Категорија на земјиште | Потребен број на работни часови по 1 км. | Цена на чинење на 1 работен час - денари- | Вкупни трошоци за минирање - денари - | Средна цена на чинење за 1 км - денари - | Вкупни трошоци - денари - | Тип на механизација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 = 8 * 3 | 10 |
| ТВРДИ ПАТИШТА | 0,00 | | | | | | | | |
| МЕКИ ПАТИШТА | 15,50 | | | | | | | | |
| РЕКОНСТРУКЦИЈА | 9,00 | | | | | | | | |
| ПРОЧИСТУВАЊЕ | 8,00 | | | | | | | | |
| ВКУПНО : | 32,50 | | | | | | | 0 | |

*СЕ ВКУПНО 1+2*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно изградено меки патишта во 2018 год. | km. | 162,68 | денари : | 49.493.145 |
| Вкупно реконструкција на патишта во 2018 год. | km. | 550,45 | денари : | 14.488.551 |
| Вкупно прочистување на патишта во 2018 год. | km. | 2.420,12 | денари : | 43.873.868 |
| * Се вкупно : | km. | 3.133,25 | денари : | 107.855.564 |

Извор на податоци:
Сектор за управување со шумско земјиште, шумска инфраструктура и механизација

## 2.1. ПРЕГЛЕД НА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ПАТИШТА (СПОРЕДБА 2018/ 2017 год.)

### 1. СО СОПСТВЕНА МЕХАНИЗАЦИЈА

Табела 7а

| ВИД НА ШУМСКОКАМИОНСКИ ПАТ | 2017 год. | | | 2018 год. | | | И Н Д Е К С 2018/2017 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно изградено во 2017 г. | Средна цена на чинење на 1км. | Вкупни трошоци | Вкупно изградено во 2018 г. | Средна цена на чинење на 1км. | Вкупни трошоци | На изградено | Средна цена на чинење на 1км. | На вкупни трошоци |
| | км. | денари | | км. | денари | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8=5:2 | 9=6:3 | 10=7:4 |
| МЕКИ ПАТИШТА | 164,51 | 245.350 | 40.361.272 | 162,68 | 304.236 | 49.493.145 | 0,99 | 1,24 | 1,23 |
| РЕКОНСТРУКЦИЈА | 393,54 | 33.491 | 13.179.777 | 550,45 | 26.321 | 14.488.551 | 1,40 | 0,79 | 1,10 |
| ПРОЧИСТУВАЊЕ | 2.262,80 | 20.203 | 45.716.128 | 2.420,12 | 18.129 | 43.873.868 | 1,07 | 0,90 | 0,96 |
| В К У П Н О : | 2.820,84 | | 99.257.176 | 3.133,25 | | 107.855.564 | 1,11 | | 1,09 |

### 2. СО ДРУГИ УСЛУГИ

| ВИД НА ШУМСКОКАМИОНСКИ ПАТ | 2017 год. | | | 2018 год. | | | И Н Д Е К С 2018/2017 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно изградено во 2017 г. | Средна цена на чинење на 1км. | Вкупни трошоци | Вкупно изградено во 2018 г. | Средна цена на чинење на 1км. | Вкупни трошоци | На изградено | Средна цена на чинење на 1км. | На вкупни трошоци |
| | км. | денари | | км. | денари | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8=5:2 | 9=6:3 | 10=7:4 |
| МЕКИ ПАТИШТА | 0,00 | | | 0,00 | | | | | |
| РЕКОНСТРУКЦИЈА | 0,00 | | | 0,00 | | | | | |
| ПРОЧИСТУВАЊЕ | 0,00 | | | 0,00 | | | | | |
| В К У П Н О : | 0,00 | | 0 | 0,00 | | 0 | 0,00 | | 0,00 |

## 2.2. Коментар

Шумски патишта се патишта во кои се вклучени и другите патни инфраструктури кои се долж нивните правци кои се првенствено наменети за одгледување и користење на шумите. Планирани и изградени патишта во шума кои се наменети за превоз на шумски производи, се сметаат за шумски патишта и ги користат субјектите кои стопанисуваат со шумите. Остварувањето на планските задачи за изградба, реконструкција и прочистување на патишта во 2018 год. може да се смета за задоволително. Имено, изградени се вкупно 162,68 км меки патишта, што претставува 75,88% од годишниот план, додека со извршеното прочистување на постоечката патна мрежа од 2.420,12 км, годишниот план е натфрлен за 83,35%. Натфрлањето на планираното прочистување на постоечката патна мрежа зависи од временските услови (обилни и поројни дождови) кои доведуваат да се интервенира повеќе пати во годината во ист правец. Прочистувањето на веќе постоечката патна мрежа зависи и од отвореноста на ШСЕ, а за потребите на планираната динамика за превоз на дрвни сортименти. Исто така секоја ШСЕ се отвора по потреба во зависност од Годишниот план на подружницата, а во согласност со десет годишната важност на истата. За реализација на остварените плански задачи за изградба на патишта, реконструкција и прочистување на постоечката патна мрежа во 2018 год. потрошени се вкупно 107.855.564,00 ден. со сопствена механизација.(стр.24) Од споредбените податоци за изградба, реконструкција и прочистување на патишта со сопствена механизација може да се констатира дека индексот на вкупно изградени патишта и прочистување на постоечката патна мрежа е 1,11, а индексот на вкупни трошоци е 1,09 во однос на 2017 год. Индексот пак, на средната цена на чинење изнесува 1,24 за изградба на меки патишта, 0,79 за реконструкција и 0,90 за прочистување, што значи дека средната цена на чинење со сопствена механизација е: зголемена за 24% за изградба на меки патишта, за реконструкција на постоечката патна мрежа намалена за 21% и за прочистување на постоечката патна мрежа намалена за 10%(стр.25)

Оптималната отвореност на шумите со патишта се утврдува со општиот план и посебните планови. Отвореноста на шумите во просек изнесува 8,80 м/ха. Координација во планирањето, изградбата, одржувањето на патиштата во функција за стопанисување со шумите, како и стручен надзор за извршените

работи, врши субјектот кој стопанисува со шумите. Корисниците на шуми се должни да ги одржуваат шумските патишта и да водат евиденција за нив. Проширување и подобрување на патната инфраструктура е од исклучителна важност за непречено извршување на основната дејност во шумарството. Отворањето на шумите со патишта и снабдување со производи на претпријатието претставува перманентна долготрајна обврска на ЈП „Македонски шуми„ и е предуслов за навремено и квалитетно извршување на поставените производствени задачи. За таа цел, ЈП „Македонски шуми„ во изминатите пет години набави 15 нови градежни машини при што дојде до намалување на трошоците а со самото тоа и намалување на цената на чинење по единица км.

Со соодветни шумски комуникации ќе се овозможи:

- поефтин и побрз превоз;
- континуиран и сигурен превоз;
- зголемена ефикасност во заштитата на шумите од пожари, растителни болести и штетници;
- отворање на шумите за користење на други шумски производи;
- подобрување на превозот на работниците.

Со што покрај подобрување на условите за подобро стопанисување со државните шуми, ќе се создаде и можност за развој на руралните средини, односно поврзување на населените места и побрз превоз на стоки и материјали, како и користење на шумите за рекреација, лов и планински туризам.

Тоа позитивно ќе влијае и врз целокупниот стопански развој на државата.

# 3. ПЛАНИРАНА И ИЗВРШЕНА СЕЧА ВО ПРИВАТНИ ШУМИ И МЕЃИ ВО 2018 год.

Табела 8

| Ред.број | ПОДРУЖНИЦА | ОЗНАКА НА ДРВО ВО ШУМА: ТЕХНИЧКО ДРВО - $m^3$: ПЛАНИР. 2018 | одобрена дрвна маса 01-12м 2018 | реализирана дрвна маса 01-12м 2018 | % | ОГРЕВНО ДРВО - $m^3$: ПЛАНИР. 2018 | одобрена дрвна маса 01-12м 2018 | реализирана дрвна маса 01-12м 2018 | % | Уплатени средства во ден. | ОЗНАКА НА ДРВО ОД МЕЃИ - $m^3$ -: ТЕХНИЧКО одобрено | ТЕХНИЧКО реал. | ОГРЕВНО одобрено | ОГРЕВНО реал. | Уплатени средства во ден. | Вкупно уплатени средства - ден.- |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15=9+14 |
| 1 | "Малешево"- Берово | 8.710,00 | 17.557,00 | 11.514,00 | 132 | 22.390,00 | 48.575,00 | 34.814,00 | 155 | 14.074.092,00 | 1.471,00 | 1.109,00 | 8.059,00 | 6.531,00 | 1.288.466,00 | 15.362.558,00 |
| 2 | "Равна Река" - Пехчево | 395,00 | 961,00 | 906,00 | 229 | 605,00 | 936,00 | 814,00 | 135 | 493.279,00 | 100,00 | 85,00 | 250,00 | 172,00 | 233.918,00 | 727.197,00 |
| 3 | "Осогово" - Крива Паланка | 1.500,00 | 28,00 | 204,00 | 14 | 11.358,00 | 13.682,00 | 12.766,00 | 112 | 4.087.470,00 | 322,00 | 220,00 | 5.358,00 | 4.390,00 | 2.086.983,00 | 6.174.453,00 |
| 4 | "Кратово" - Кратово | 0,00 | 11,00 | 10,00 | | 4.311,00 | 2.883,00 | 2.776,00 | 64 | 765.004,00 | 46,00 | 63,00 | 1.644,00 | 1.552,00 | 273.927,00 | 1.038.931,00 |
| 5 | "Осогово" - Кочани | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | 6.625,00 | 2.503,00 | 1.983,00 | 30 | 745.663,00 | 448,00 | 344,00 | 1.442,00 | 938,00 | 308.325,00 | 1.053.988,00 |
| 6 | "Серта" - Штип | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | 2.226,00 | 956,00 | 676,00 | 30 | 284.321,00 | 0,00 | 0,00 | 4.728,00 | 3.846,00 | 780.866,00 | 1.065.187,00 |
| 7 | "Плачковица" - Радовиш | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | 9.000,00 | 11.431,00 | 7.271,00 | 81 | 2.882.257,00 | 29,00 | 19,00 | 158,00 | 151,00 | 30.733,00 | 2.912.990,00 |
| 8 | "Плачковица" - Виница | 30,00 | 0,00 | 0,00 | | 7.300,00 | 7.240,00 | 6.732,00 | 92 | 2.507.689,00 | 361,00 | 237,00 | 641,00 | 441,00 | 164.965,00 | 2.672.654,00 |
| 9 | "Беласица" - Струмица | 0,00 | 36,00 | 36,00 | | 976,00 | 1.135,00 | 1.135,00 | 116 | 295.368,00 | 117,00 | 89,00 | 1.058,00 | 1.039,00 | 193.844,00 | 489.212,00 |
| 10 | "Саланџак" - Валандово | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 11 | "Кожуф" - Гевгелија | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | 0,00 | 59,00 | 21,00 | | 9.669,00 | 0,00 | 0,00 | 284,10 | 396,25 | 186.737,00 | 196.406,00 |
| 12 | "Демир Капија" - Д.Капија | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | 1.500,00 | 171,00 | 47,00 | 3 | 51.196,00 | 22,00 | 22,00 | 230,00 | 241,00 | 45.869,00 | 97.065,00 |
| 13 | "Бор" - Кавадарци | 340,00 | 52,00 | 52,00 | 15 | 1.650,00 | 602,00 | 666,00 | 40 | 184.589,00 | 85,00 | 49,00 | 836,00 | 935,00 | 160.297,00 | 344.886,00 |
| 14 | "Црн Бор" - Прилеп | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | 2.000,00 | 471,00 | 539,00 | 27 | 140.462,00 | 844,00 | 461,00 | 1.177,00 | 750,00 | 359.873,00 | 500.335,00 |
| 15 | "Бабуна" - Велес | 150,00 | 120,00 | 53,00 | 35 | 9.500,00 | 3.474,00 | 3.808,00 | 40 | 581.190,00 | 61,00 | 42,00 | 1.890,00 | 1.795,00 | 255.220,00 | 836.410,00 |
| 16 | "Шумарство" - Св.Николе | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | 1.539,00 | 2.843,00 | 3.047,00 | 198 | 876.554,00 | 0,00 | 0,00 | 946,00 | 940,00 | 235.015,00 | 1.111.569,00 |
| 17 | "Кајмакчалан" - Битола | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | 1.700,00 | 211,00 | 257,00 | 15 | 62.848,00 | 290,00 | 159,00 | 1.396,00 | 1.056,00 | 272.035,00 | 334.883,00 |
| 18 | "Бигла" - Демир Хисар | 204,00 | 31,00 | 43,00 | 21 | 3.977,00 | 2.978,00 | 2.936,00 | 74 | 895.639,00 | 65,00 | 123,00 | 880,00 | 629,00 | 227.250,00 | 1.122.889,00 |
| 19 | "Липа" - Крушево | 50,00 | 4,00 | 4,00 | 8 | 1.480,00 | 135,00 | 144,00 | 10 | 41.197,00 | 51,00 | 24,00 | 44,00 | 48,00 | 21.407,00 | 62.604,00 |
| 20 | "Преспадрво" - Ресен | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | 225,00 | 342,00 | 342,00 | 152 | 170.945,00 | 0,00 | 0,00 | 260,00 | 260,00 | 43.641,00 | 214.586,00 |
| 21 | "Галичица" - Охрид | 1.000,00 | 637,00 | 620,50 | 62 | 9.000,00 | 10.729,20 | 12.417,90 | 138 | 4.069.189,00 | 198,00 | 283,60 | 3.692,40 | 3.518,75 | 513.526,00 | 4.582.715,00 |
| 22 | "Јабланица" - Струга | 150,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 10.250,00 | 8.108,00 | 7.776,00 | 76 | 2.384.370,00 | 72,00 | 5,00 | 3.411,00 | 3.161,00 | 574.302,00 | 2.958.672,00 |
| 23 | "Стогово" - Дебар | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | 1.390,00 | 1.229,00 | 1.261,00 | 91 | 374.288,00 | 7,00 | 5,00 | 191,00 | 167,00 | 42.964,00 | 417.252,00 |
| 24 | "Лопушник" - Кичево | 383,00 | 113,00 | 205,00 | 54 | 7.880,00 | 5.992,00 | 7.610,00 | 97 | 1.843.071,00 | 850,00 | 681,00 | 4.716,00 | 5.541,00 | 848.517,00 | 2.691.588,00 |
| 25 | "Сандански" - Мак.Брод | 340,00 | 1.124,00 | 919,00 | 270 | 1.030,00 | 1.471,00 | 977,00 | 95 | 745.206,00 | 166,00 | 127,00 | 1.496,00 | 1.059,00 | 274.685,00 | 1.019.891,00 |
| 26 | "Шар" - Гостивар | 100,00 | 24,00 | 4,00 | 4 | 3.000,00 | 3.336,00 | 2.956,00 | 99 | 1.001.240,00 | 40,00 | 30,00 | 921,00 | 965,00 | 192.979,00 | 1.194.219,00 |
| 27 | "Лешница" - Тетово | 500,00 | 0,00 | 0,00 | | 1.500,00 | 1.495,00 | 1.468,00 | 98 | 445.510,00 | 311,00 | 21,00 | 3.811,00 | 3.638,00 | 678.279,00 | 1.123.789,00 |
| 28 | "Караџица" - Скопје | 0,00 | 0,00 | 0,00 | | 6.500,00 | 4.724,00 | 3.814,00 | 59 | 1.136.572,00 | 33,00 | 33,00 | 1.101,00 | 730,00 | 126.225,00 | 1.262.797,00 |
| 29 | "Куманово" - Куманово | 0,00 | 23,00 | 16,00 | | 19.743,00 | 9.421,00 | 9.988,00 | 51 | 2.721.067,00 | 347,00 | 339,00 | 2.413,00 | 1.977,00 | 455.841,00 | 3.176.908,00 |
| 30 | "Голак" - Делчево | 1.316,00 | 1.160,00 | 730,00 | 55 | 12.007,00 | 19.731,00 | 18.191,00 | 152 | 6.045.164,00 | 181,00 | 155,00 | 1.387,00 | 486,00 | 262.019,00 | 6.307.183,00 |
| | В К У П Н О : | 15.168,00 | 21.881,00 | 15.316,50 | 101 | 160.662,00 | 166.863,20 | 147.232,90 | 92 | 49.915.109,00 | 6.517,00 | 4.725,60 | 54.420,50 | 47.353,00 | 11.138.708,00 | 61.053.817,00 |

| Вкупно реализирана дрвна маса од шума и од меѓи во м³: | техничко | огревно | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | 20.042,10 | 194.585,90 | 214.628,00 |

Извор на податоци: Сектор за шумарство

# 3.1. Коментар

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за шумите (Сл.Весник на РМ Бр.160 од 31 октомври 2014 год.) во член 92 и 97 стопанисувањето со приватните шуми го вршат сопствениците, а услугите за извршување на стручните работи од областа на шумарството ги вршат Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми ,,Македонски шуми,, и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја.

Работите кои се однесуваат на заштита и користење на приватни шуми го вршат самите сопственици. Стопанисувањето со приватните шуми се врши врз основа на донесени посебни планови за стопанисување, програми или критериуми за стопанисување со шумите во приватна сопственост. Посебните планови и програми за стопанисување со шумите во приватна сопственост ги донесуваат сопствениците на шумите, а ги одобрува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Во текот на 2018 год. одобрени се вкупно 249.681,70 м3, од кои на техничко дрво отпаѓаат 28.398,00 м3 и на огревно дрво отпаѓаат 221.283,70 м3.

Од вкупно одобрената дрвна маса во овој период реализирано е 20.042,10 м3 техничко и 194.585,90 м3 огревно дрво. Трошоците кои произлегуваат од работата во приватните шуми, согласно важечките законски прописи ги обезбедуваат самите сопственици врз основа на важечкиот Ценовник за ознака и други услуги за шумите, меѓите и осамени дрва во приватна сопственост на ЈП "Македонски шуми" бр.02-2936/4-7 од 27.12.2005 год. Според Ценовникот цените изнесуваат: за одобрување, ознака, жигосување и други услуги во приватни шуми, 252,50 денари за 1м3; за жигосување и издавање испратница за дрво од шумски видови дрвја кои растат на меѓа, 140,00 денари за 1м3. Средствата кои се остварени од ознака на техничко и огревно дрво од шума и ознака на дрва од меѓи во приватна сопственост во 2018 год. изнесуваат 61.053.817,00 денари. (Табела 8, стр.28)

# 4. ОДГЛЕДУВАЊЕ НА ШУМИ

## 4.1. ГОДИШЕН ПРЕГЛЕД НА ИЗДВОЕНИ И ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ЗА ПРОСТА РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01 ДО 31.12.2018 год.

Во денари

Табела 9

| Ред. број | Подружница | Салдо 01.01.2018 | Издвоени средства | Вкупно средства | Приходи од проста репродукција по ситуации | Приходи од проста репродукција по отпис | Салдо 31.12.2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | "Малешево"-Берово | 25.410.951 | 6.022.737 | 31.433.688 | 3.339.944 | | 28.093.744 |
| 2 | "Равна река"-Пехчево | 2.891.642 | 3.964.097 | 6.855.739 | 4.856.116 | | 1.999.623 |
| 3 | "Осогово"-Кр.Паланка | 1.720.309 | 2.823.160 | 4.543.469 | 805.387 | | 3.738.082 |
| 4 | "Кратово"-Кратово | 5.685.371 | 1.915.172 | 7.600.543 | 1.042.705 | | 6.557.838 |
| 5 | "Осогово"-Кочани | -5.219.225 | 2.622.292 | -2.596.933 | 0 | | -2.596.933 |
| 6 | "Серта"-Штип | 1.446.435 | 1.068.933 | 2.515.368 | 432.282 | | 2.083.086 |
| 7 | "Плачковица"-Радовиш | 8.578.048 | 4.950.844 | 13.528.892 | 10.832.416 | | 2.696.476 |
| 8 | "Плачковица"-Виница | 10.318.183 | 4.228.954 | 14.547.137 | 525.057 | | 14.022.080 |
| 9 | "Беласица"-Струмица | 0 | 6.656.309 | 6.656.309 | 12.636.084 | | -5.979.775 |
| 10 | "Саланџак"-Валандово | 1.349.518 | 1.650.262 | 2.999.780 | 2.974.000 | | 25.780 |
| 11 | "Кожуф"-Гевгелија | 757.107 | 7.030.635 | 7.787.742 | 3.432.759 | 295.673 | 4.059.310 |
| 12 | "Демир Капија"-Д.Капија | 511.037 | 2.717.412 | 3.228.449 | 2.803.052 | | 425.397 |
| 13 | "Бор"-Кавадарци | 0 | 10.426.096 | 10.426.096 | 12.093.848 | | -1.667.752 |
| 14 | "Црн Бор"-Прилеп | 18.632.335 | 3.991.243 | 22.623.578 | 2.529.352 | | 20.094.226 |
| 15 | "Бабуна"-Велес | 8.887.534 | 5.101.696 | 13.989.230 | 3.119.716 | | 10.869.514 |
| 16 | "Шумарство"-Св.Николе | 327.419 | 355.055 | 682.474 | 300.933 | | 381.541 |
| 17 | "Кајмакчалан"-Битола | 0 | 4.141.721 | 4.141.721 | 4.054.813 | | 86.908 |
| 18 | "Бигла"-Демир Хисар | 18.376.198 | 6.192.664 | 24.568.862 | 6.265.626 | 14.632.355 | 3.670.882 |
| 19 | "Липа"-Крушево | 0 | 2.574.673 | 2.574.673 | 0 | | 2.574.673 |
| 20 | "Преспадрво"-Ресен | 5.951.688 | 2.971.932 | 8.923.620 | 2.068.069 | | 6.855.551 |
| 21 | "Галичица"-Охрид | 15.796.125 | 7.178.765 | 22.974.890 | 889.355 | | 22.085.535 |
| 22 | "Јабланица"-Струга | 3.470.945 | 2.954.129 | 6.425.074 | 1.745.597 | | 4.679.477 |
| 23 | "Стогово"-Дебар | 0 | 1.939.515 | 1.939.515 | 1.566.500 | | 373.015 |
| 24 | "Лопушник"-Кичево | 14.171.398 | 7.154.408 | 21.325.806 | 5.672.106 | | 15.653.700 |
| 25 | "Сандански"-Мак.Брод | 390.201 | 4.733.278 | 5.123.479 | 4.410.643 | | 712.835 |
| 26 | "Шар"-Гостивар | 18.625.881 | 4.869.001 | 23.494.882 | 2.582.400 | 6.162.972 | 14.749.510 |
| 27 | "Лешница"-Тетово | 0 | 1.624.410 | 1.624.410 | 1.464.023 | | 160.387 |
| 28 | "Караџица"-Скопје | 0 | 2.488.217 | 2.488.217 | 974.302 | | 1.513.915 |
| 29 | "Куманово"-Куманово | -11.177.595 | 860.383 | -10.317.212 | 476.111 | | -10.214.237 |
| 30 | "Голак"-Делчево | 1.804.690 | 2.024.224 | 3.828.914 | 472.791 | | 3.356.123 |
| Вкупно | | 148.706.193 | 117.232.218 | 265.938.411 | 94.365.987 | 21.090.999 | 151.060.511 |

**Извор на податоци: Сектор за економско - финансиско работење - Одделение за сметководство**
**Податоците во колоните 2, 3, 4, 5 и 6 се од Годишната сметка за 2018год.**

***Подружниците кои имаат минусни салда значи дека имаат потрошено повеќе средства преку проста репродукција од издвоените 10% од вредноста на посеченото дрво на шумско камионски пат**

## 4.2. ПРЕГЛЕД НА ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ЗА ПРОСТА РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ ПО ВИД НА ИЗВРШЕНА РАБОТА ВО 2018 год.

Табела 9а

| Ред.број | Вид на извршена работа | Единечна мерка | Количина | Вкупно потрошени средства во денари | Учество во % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Пошумување на голини | ха | 127,38 | 6.723.734 | 7,15 |
| 2 | Пошумување во шума | ха | 292,46 | 15.374.464 | 16,35 |
| 3 | Потсејување | ха | 227,26 | 3.979.574 | 4,23 |
| 4 | Пополнување | ха | | | 0,00 |
| 5 | Прореди | ха | 326,91 | 3.730.077 | 3,97 |
| 6 | Нега и чистење | ха | | | 0,00 |
| 7 | Кастрење гранки | ха | 7,00 | 163.327 | 0,17 |
| 8 | Конверзија | ха | | | 0,00 |
| 9 | Реконструкција | ха | | | 0,00 |
| 10 | Санитарна сеча | ха | 0,08 | 47.167 | 0,05 |
| 11 | Гаснење на шумски пожар | ха | 837,48 | 5.917.619 | 6,29 |
| 12 | Санација на опожарени површини - чистење | ха | 89,92 | 56.265 | 0,06 |
| 13 | Заштита од болести и штетници | ха | 3,00 | 471.090 | 0,50 |
| 14 | Заштита од пожари | ха | 5.706,00 | 1.090.856 | 1,16 |
| 15 | Заштита од добиток и напасување | ха | 5.650,00 | 594.034 | 0,63 |
| Вкупно во ха : | | | 13.267,49 | 38.148.207 | 40,58 |
| 16 | Контролни рампи | | | | 0,00 |
| 17 | Техничко опремување | | 89,00 | 637.026 | 0,68 |
| Вкупно: | | | 89,00 | 637.026 | 0,68 |
| 18 | Изградба на патишта | км | 106,92 | 29.089.565 | 30,94 |
| 19 | Реконструкција на пат | км | 226,10 | 4.780.718 | 5,08 |
| 20 | Чистење на пат | км | 414,77 | 6.091.838 | 6,48 |
| Вкупно во км : | | | 747,79 | 39.962.122 | 42,51 |
| 21 | Изработка на посебни планови | бр. | 20,00 | 15.269.290 | 16,24 |
| **Вкупно потрошени средства по вид на извршена работа** | | | | **94.016.645** | **100,00** |

Извор на податоци: Сектор за одгледување на шумите, подигање, екологија и лов

**Согласно Програмата за Проширена репродукција на шумите (Службен весник на РМ Бр.17 од 26 јануари 2018 година)**

## 4.3. Реализирани активности од страна на подружниците со ПРШ за 2018година

Табела 96

| Подружница | одгледна мерка | површина ха |
|---|---|---|
| *1. ПОШУМУВАЊЕ НА ГОЛИНИ И ЕРОЗИВНИ ЗЕМЈИШТА* | | |
| *1.1. ШС„Шумарство"Св.Николе ДОГОВОР за пошумување на голини и ерозивни земјишта Бр.19-4687/1 од 30.03.2018 год* | пошумување | 80,00 |
| *ВКУПНО:* | | 80,00 |
| *2. НЕГА СО ПРОРЕДИ* | | |
| *2.1.ШС„Куманово" Куманово ДОГОВОР за нега со прореди Бр.19-4688/1 од 30.03.2018 год* | нега со прореди | 80,00 |
| *2.2. ШС„Шумарство"Св.Николе ДОГОВОР за нега со прореди Бр.19-4688/1 од 30.03.2018 год* | нега со прореди | 10,00 |
| *2.3. ШС„„Серта" Штип ДОГОВОР за нега со прореди Бр.19-4688/1 од 30.03.2018 год* | нега со прореди | 50,00 |
| *ВКУПНО:* | | 140,00 |
| *3. ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ШУМСКИ ПОЖАРИ* | | |
| *3.1. ШС„Куманово" Куманово ДОГОВОР за отстранување на последиците од шумски пожари Бр.19-4686/1 од 30.03.2018 год* | отстранување на последиците од шумски пожари | 70,00 |
| *3.2. ШС„Бабуна" Велес ДОГОВОР за отстранување на последиците од шумски пожари Бр.19-4686/1 од 30.03.2018 год* | отстранување на последиците од шумски пожари | 50,00 |
| *ВКУПНО:* | | 120,00 |

Извор на податоци: Сектор за одгледување на шумите, подигање, екологија и лов

## 4.4. ОСТВАРЕНО РАСАДНИЧКО ПРОИЗВОДСТВО ВО 2018 год.

Табела 9в

| ДРВЕН ВИД | Возраст | Един. мера | Остварено | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Класично | Контејнер | Вкупно: |
| А. ПРОИЗВОДСТВО НА САДНИЦИ | | | | | |
| Црн бор | 1+0 | бр. | 77.000 | 194.890 | **271.890** |
| Бел бор | " | " | 46.000 | 144.460 | **190.460** |
| Аризонски чемпрес | " | " | 4.000 | 191.480 | **195.480** |
| Приморски бор | " | " | | 12.000 | **12.000** |
| Дуглазија | " | " | 22.305 | 92.920 | **115.225** |
| Смрча | " | " | 12.123 | 160.430 | **172.553** |
| Питом костен | " | " | 20.000 | | **20.000** |
| Багрем | " | " | 268.000 | 5.000 | **273.000** |
| Платан | " | " | 2.000 | | **2.000** |
| Топола | " | " | 4.000 | | **4.000** |
| Јасен | " | " | 37.800 | | **37.800** |
| Јавор | " | " | 38.000 | | **38.000** |
| **ВКУПНО : 1+0** | | | **531.228** | **801.180** | **1.332.408** |
| Црн бор | 2+0 | бр. | 136.000 | 200.000 | **336.000** |
| Бел бор | " | " | 92.535 | 100.000 | **192.535** |
| Аризонски чемпрес | " | " | 57.000 | 223.600 | **280.600** |
| Дуглазија | " | " | 21.930 | | **21.930** |
| Смрча | " | " | 12.075 | | **12.075** |
| Питом костен | " | " | 7.200 | | **7.200** |
| Албиција | " | " | 300 | | **300** |
| Јавор | " | " | 108.500 | | **108.500** |
| Јасен | " | " | 179.500 | | **179.500** |
| Багрем | " | " | 136.994 | | **136.994** |
| Даб | " | " | 16.000 | | **16.000** |
| Разни хортикултурни | " | " | 1.300 | | **1.300** |
| **ВКУПНО : 2+0** | | | **769.334** | **523.600** | **1.292.934** |
| Бел бор | 3+0 | " | 34.306 | 2.580 | **36.886** |
| Бел бор | 4+0 | " | 70.800 | | **70.800** |
| Бел бор | 5+0 | " | 25.000 | | **25.000** |
| Ела | 3+0, 4+0 | " | 6.760 | | **6.760** |
| Ела | 6+0 | " | 5.150 | | **5.150** |
| Дуглазија | 3+0 | " | 16.165 | 7.800 | **23.965** |
| Дуглазија | 4+0 | " | 6.030 | | **6.030** |
| Дуглазија | 5+0 | " | 18.490 | | **18.490** |
| Црн бор | 3+0 | " | 215.671 | | **215.671** |
| Црн бор | 4+0 | " | 71.935 | | **71.935** |
| Црн бор | 5+0 | " | 1.500 | | **1.500** |
| А.чемпрес | 3+0 | " | 10.000 | | **10.000** |
| Смрча | 3+0 | " | 21.345 | 35.000 | **56.345** |
| Смрча | 4+0 | " | | 30.000 | **30.000** |
| Смрча | 5+0 | " | 35.640 | | **35.640** |
| Источна туја | 3+0 | " | 7.664 | | **7.664** |
| Д.костен | 4+0 | " | 1.000 | | **1.000** |
| Даб | 3+0 | " | 5.000 | | **5.000** |
| Јавор | 3+0 | " | 2.350 | | **2.350** |
| Јасен | 3+0 | " | 7.000 | | **7.000** |
| Пауловнија | 3+0 | " | | 1.400 | **1.400** |
| Разни лисјари | 5+0 | " | 5.800 | | **5.800** |
| Питом костен | 3+0 | " | 500 | | **500** |
| Црн орев | 3+0 | " | 700 | | **700** |
| **ВКУПНО : 3+0, 4+0 и 5+0** | | | **568.806** | **76.780** | **645.586** |

**Извор на податоци:**
Сектор за одгледување на шумите, подигање, екологија и лов

| ДРВЕН ВИД | Возраст | Един. мера | Остварено | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Класично | Контејнер | Вкупно: |
| **ДРУГИ САДНИЦИ ОД РАЗНИ ВИДОВИ И ВОЗРАСТ** | | | | | |
| А.чемпрес | 2+1 | " | | 1500 | **1.500** |
| Ела | 3+5 | " | 310 | | **310** |
| Смрча | 3+5 | " | 217 | | **217** |
| Албиција | | " | 200 | | **200** |
| Разни декоративни (школувани) | | " | 3.342 | | **3.342** |
| **ВКУПНО:** | | | **4.069** | **1.500** | **5.569** |
| **ВКУПНО САДНИЦИ НА НИВО НА ЈП** | | | **1.873.437** | **1.403.060** | **3.276.497** |

**Извор на податоци:**
Сектор за одгледување на шумите, подигање, екологија и лов

## 4.4. ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ОД РАСАДНИЧКО ПРОИЗВОДСТВО (Споредба: 2018/2017 г.)

Во денари

Табела 9г

| ДЕЈНОСТ | | 2017 год. | | | 2018 год. | | | ИНДЕКС 2018/2017 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Планирано | Остварено | % на исполнување на планот | Планирано | Остварено | % на исполнување на планот | пл. | ос. |
| 1 | | 2 | 3 | 4=(3:2)x100 | 5 | 6 | 7=(6:5)x100 | 8=5:2 | 9=6:3 |
| Расадничко производство | **Приходи** | 57.578.350,00 | 4.058.608,00 | **7,05** | 41.271.985,00 | 6.022.202,00 | **14,59** | **0,72** | **1,48** |
| | **Расходи** | 37.499.009,00 | 29.591.155,00 | **78,91** | 22.957.627,00 | 30.000.360,00 | **130,68** | **0,61** | **1,01** |
| **Разлика** | | **20.079.341,00** | **-25.532.547,00** | | **18.314.358,00** | **-23.978.158,00** | | | |

Извор на податоци:
Годишна сметка на ЈП за 2018 год. за приходите и Образецот со елементи за утврдување на остварена цена на чинење за расходите

# 4.6. Коментар

Активностите во делот на одгледувањето на шумите, се базираат на обврските кои се пропишани со посебните планови за стопанисување со шумите. Со членот 94 од Законот за шуми, регулиран е начинот на издвојување и користење на средствата за проста репродукција на шумите. Средства за проста репродукција на шуми издвојуваат субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост во висина од 10% од вредноста на исеченото дрво, франко камионски пат во шума. Овие средства се наменски и се користат за одгледување и заштита на постојните шуми, за изградба на шумски патишта, за техничко опремување заради вршење на работи за заштита на шумите и изработка на планови за стопанисување со шумите. Од табеларниот преглед на издвоени и потрошени средства за проста репродукција на шумите во 2018 год., може да се види дека издвоени се средства во износ од 117.232.218 денари, а потрошени се средства во износ од 94.365.987 денари со салдо на 31.12.2018 година во износ од 151.060.511 денари според податоците од Годишната сметка за 2018 год. (Табела 9, стр.30).

Согласно членот 95 од Законот за шумите за работите на проширена репродукција на шуми средства обезбедуваат: субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост во висина од 3% од вредноста на исеченото дрво на франко камионски пат, сопствениците на шуми во приватна сопственост во висина од 3% од вредноста на исеченото дрво на франко камионски пат, како и правните субјекти што вршат промет на дрво во висина од 3% од вредноста на продаденото дрво и од Буџетот на РМ.

Средствата за проширена репродукција на шумите се користат според годишна Програма што ја донесува Владата на Република Македонија. Со оваа програма, согласно Буџетот на РМ за 2018 година (Службен весник на РМакедонија бр.196/17год.) Раздел 14001-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 2-Шумарство, Потпрограма 20-Шумарство, Ставка 485- вложувања и нефинансиски средства, се утврдува изворот и износот на средствата, видот и обемот на работите и мерките кои ќе

се финансираат, извршителите на работите, како и начинот на користење на средствата за извршени работи во 2018 година во вкупен износ од 19.500.000,00 денари. Средствата од оваа програма ќе се користат за следните работи:

**1. Пошумување на голини и ерозивни земјишта:**

**1.1. Во државна сопственост со садници** ќе се врши првенствено на локации со поголема површина и кои се во состав или во непосредна близина на постоечките шуми. Извршител на работите ќе биде ЈП,,Македонски шуми,, и образовни институции од обласга на шумарството на површина од 80ха во вкупен износ од 4.800.000,00 денари или 60.000,00 ден по ха;

1.2. Пошумување на голини и ерозивни земјишта во приватна сопственост ќе се врши на локации кои се поголеми од 0,50ха. Извршител на работите ќе бидат сопствениците на приватни шуми на површина од 53,33ха во вкупен износ од 3.200.000,00 денари или 60.000,00 ден. по ха;

2. **Нега со прореди** е предвидено да се врши во шумски култури, насади подигнати со пошумување и на пренаменати природно пошумени површини до 30-годишна возраст. Извршител на работите ќе биде ЈПМакедонски шуми на површина од 140ха во вкупен износ од 2.100.000,00 денари или 15.000,00 ден по ха;

3. **Отстранување на последиците од шумски пожари** ќе се врши на површина над 50 ха во рамките на една шумско стопанска единица преку вештачка обнова со пошумување со садници. Извршител на работите ќе биде ЈПМакедонски шуми на површина од 120ха во вкупен износ од 8.400.000,00 денари или 70.000,00 ден по ха;

За реализација на мерките од точките 1, 2 и 3 од Програмата извршителите на работите доставуваат до МЗШВ за секоја работа посебна оперативно-стручна програма, во која се наведуваат основните податоци за локалитетот и подетални податоци за обемот и видот на работата, техниката, времето на реализација на работите и други важни податоци;

**4.Заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и потенцијални штетници** кои можат да загрозат поголеми шумски простори, ќе се врши преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба) за шумите во РМакедонија и преку следење на состојбата на шумите на биоиндикаторските точки поставени на 16 километарска мрежа на територијата на РМ. Шумарскиот факултет–Скопје, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ќе достави Извештај за здравствената состојба на

шумите во РМакедонија за 2018 година со предлог мерки и Извештај за здравствената состојба на шумите на биоиндикаторските точки на територијата на РМ за 2018 година. За реализација на оваа мерка од Програмата предвидени се 1.000.000,00 денари; Исплатата на средствата за реализација на работите на оваа програма ќе се врши врз основа на склучени договори помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и извршителите на работите. Врз основа на дел IV од Програмата за проширена репродукција на шумите за 2018 година ЈП,,Македонски шуми,, — Скопје како извршител на работите има склучено Договори за следните одгледувачки работи:

- **Пошумување на голини и ерозивни земјишта на површина од 80 ха,** според оперативно-стручната програма во подружница ШС,,Шумарство,,- Свети Николе. Согласно Договорот извршителот на работите се обврзува да изврши пошумување на механизирано или рачно обработена почва, така што извлекувањето на кордони да биде на оптимално меѓусебно растојание во правец на изохипсите, а на непристапните терени дупките да бидат со соодветни димензии и соодветно просторно распоредени на површината. Да изврши квалитетно пошумување со садници кои најмногу одговараат на месторастежните услови, односно со садници предвидени со оперативната програма и тоа при тоа рамномерно да ги распореди на целата површина, така што на 1ха да насади по 2.000-2.500 садници. По завршеното пошумување да стопанисува со новоподигнатите шумски култури согласно прописите од областа на шумарството, односно да ги спроведува потребните одгледни мерки и да презема соодветни заштитни мерки од негативни биотски и абиотски влијанија (шумски пожари, штетни инсекти, болести и др.) Да обезбеди присуство на одговорно стручно лице за време на контрола на терен од страна на овластен инспектор по шумарство и пошумувањето да го заврши најдоцна до 05.12.2018 година;

- **Нега со прореди на вкупна површина од 140ха**, според оперативно-стручните програми и тоа во следните подружници: ШС,,Куманово,,- Куманово, ШС,, Шумарство,,- Свети Николе и ШС,,Серта,,-Штип. Согласно Договорот извршителот на работите се обврзува да изврши нега со прореди на шумските култури, на насадите подигнати со пошумување и на пренаменетите природно пошумени површини до 30-годишна возраст во државна сопственост. Да обезбеди присуство на одговорно стручно лице за

време на контрола на терен од страна на овластен инспектор по шумарство и негата со прореди да ја заврши најдоцна до 05.12.2018 година;

- **Отстранување на последиците од шумски пожари на вкупна површина од 120 ха** и тоа во следните подружници: ШС,,Куманово,,-Куманово и ШС,,Бабуна,,-Велес. Согласно Договорот извршителот на работите се обврзува да изврши отстранување на последиците од шумски пожари на определената површина во државна сопственост, односно да изврши сеча на стебла, да ја отстрани дрвната маса, да воведе шумски ред, изврши соодветна обработка на почвата и изврши вештачка обнова со пошумување со садници од дрвни видови кои најмногу одговараат на условите на месторастење. Да обезбеди присуство на одговорно стручно лице за време на контрола на терен од страна на овластен инспектор по шумарство и отстранувањето на последиците од шумски пожари да ги заврши најдоцна до 05.12.2018 година.

Исплатата на средствата за реализација на работите на оваа програма се врши врз основа на склучени договори помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и извршителите на работите.

Согласно предвидената Програмата за проширена репродукција на шумите за 2018 година ЈП„Македонски шуми" – Скопје во целост ги реализира предвидените работи и мерки донесени согласно оваа програма.

Од табеларниот преглед за произведен саден материјал во 2018 год. може да се констатира дека се произведени вкупно 3.276.497 броја садници од сите возрасти на ниво на ЈП, од кои 1.873.437 броја садници се класично, а 1.403.060 броја се контејнерско производство.(стр.33,34) Од кои во расадниците на ниво на ЈП „Македонски шуми" се произведени и школувани декоративни садници 5.569 броја и собрано е семе во вкупна количина од 2.950кгр. од различни дрвни видови и тоа: црн бор (26кгр.), бел бор (11 кгр), аризонски чемпрес (25кгр.), дуглазија (39кгр.), ела (2.159кгр.), смрча (17кгр.), кедар (4кгр.), п.костен (215кгр.), даб (65кгр.), багрем (284кгр.), д.костен (25кгр.), јасен (50кгр.) и јавор (30кгр.).

Од прегледот пак, за остварените резултати од расадничко производство на ниво на ЈП ,,Македонски шуми,, во 2018 год. може да се види дека од реализација на оствареното расадничко производство е остварен вкупен приход од 6.022.202,00 денари и вкупни директни расходи за негово производство од 30.000.360,00 денари. Споредбата со 2017 год. покажува дека индексот на остварени приходи е 1,48, а на остварени расходи е 1,01.(стр.35)

Пошумувањата предвидени според Посебните планови за стопанисување со шуми се реализираат во неколку фази според предвидената динамика, обработка на почвата (механизирана или рачна обработка на почвата, а во зависност од теренските услови).

Изборот на дрвните видови за пошумување на предвидените површини е според едафско-климатските и педолошки услови, адаптибилни за успешна прифатеност и понатамошен развиток на садниците.
Во зависност од надморската височина и географската местоположба на локалитетите се пошумува со дрвни видови кои се адекватни во согласност со педолошката структура на почвените и климатските услови.

Табела 10а

**РЕКАПИТУЛАР НА НИВО НА ЈП**

| | ЕЛЕМЕНТИ | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Вкупно за година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| Број и причинета штета | Број на пожари | 2 | 1 | 3 | 13 | 3 | 0 | 2 | 7 | 32 | 29 | 37 | 0 | 129 |
| | Опожарена површина - ха | 3,30 | 5,00 | 5,80 | 303,30 | 19,00 | 0,00 | 12,34 | 20,60 | 375,75 | 451,50 | 1.626,40 | 0,00 | 2.822,99 |
| | Опожарена дрвна маса - м$^3$ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 469,00 | 728,00 | 0,00 | 0,00 | 237,49 | 2.620,00 | 683,00 | 1.048,49 | 0,00 | 5.785,98 |
| | Причинета штета - денари | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 11.813.000,00 | 18.841.000,00 | 0,00 | 0,00 | 4.741.050,00 | 17.145.050,00 | 10.124.000,00 | 6.704.510,00 | 0,00 | 69.368.610,00 |
| Гасење | Учество во гасење (1+2) | 9 | 6 | 18 | 150 | 48 | 0 | 30 | 80 | 396 | 359 | 800 | 0 | 1.896 |
| | 1. Од ЈПМШ | 5 | 3 | 16 | 81 | 28 | 0 | 25 | 44 | 214 | 273 | 550 | 0 | 1.239 |
| | 2. Од други субјекти | 4 | 3 | 2 | 69 | 20 | 0 | 5 | 36 | 182 | 86 | 250 | 0 | 657 |
| Трошоци за гасење (ден.) | Вкупно трошоци за гасење на пожарот | 11.600,00 | 3.485,00 | 51.468,00 | 122.949,00 | 62.074,00 | 0,00 | 20.700,00 | 68.420,00 | 323.703,00 | 420.752,00 | 1.220.914,00 | 0,00 | 2.306.065,00 |
| | Трошоци за дневници | 2.700,00 | 3.285,00 | 22.888,00 | 74.177,00 | 38.844,00 | 0,00 | 16.200,00 | 45.113,00 | 225.140,00 | 273.429,00 | 825.414,00 | 0,00 | 1.527.190,00 |
| | Трошоци за гориво и мазиво | 8.600,00 | 200,00 | 6.780,00 | 27.700,00 | 10.999,00 | 0,00 | 4.500,00 | 16.700,00 | 65.153,00 | 110.624,00 | 336.560,00 | 0,00 | 587.816,00 |
| | Трошоци за средства за гасење | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 11.200,00 | 11.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 7.700,00 | 4.830,00 | 21.979,00 | 0,00 | 56.709,00 |
| | Трошоци за храна за екипата за гасење | 300,00 | 0,00 | 1.800,00 | 0,00 | 731,00 | 0,00 | 0,00 | 5.267,00 | 13.227,00 | 23.685,00 | 26.031,00 | 0,00 | 71.041,00 |
| | Останати трошоци | 0,00 | 0,00 | 20.000,00 | 9.872,00 | 500,00 | 0,00 | 0,00 | 1.340,00 | 12.483,00 | 8.184,00 | 10.930,00 | 0,00 | 63.309,00 |

**Напомена** : Податоците се земени од статистичките листови на МКФФИС-системот и од месечните електронски извештаи кои ги внесуваат подружниците.

Извор на податоци: Сектор за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола

## 5.3. РЕКАПИТУЛАР ЗА ПОЈАВА НА ШУМСКИ ПОЖАРИ И НИВНО ЛОКАЛИЗИРАЊЕ (ГАСНЕЊЕ) ПО ВИД НА ШУМА ВО 2018 год.

Табела 106

ВКУПНО НАСТАНАТИ ПОЖАРИ, ВИД НА ШУМА, ПОВРШИНА И ДРВНА МАСА ОПФАТЕНА СО ПОЖАРОТ И ТРОШОЦИ ЗА ГАСНЕЊЕ ВО 2018 год.

| | ЕЛЕМЕНТИ | МЕСЕЦИ I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Вкупно за година | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| БРОЈ НА ПОЖАРИ ПО ВИД НА ШУМА, ОПОЖАРЕНА ДРВНА МАСА И ПРИЧИНЕТА ШТЕТА ОД ПОЖАРОТ | **1. ШУМА ОД ИГЛОЛИСНИ ВИДОВИ** | | | | | | | | | | | | | | |
| | Број на пожари | 0 | 0 | 0 | 4 | 1 | 0 | 0 | 1 | 5 | 4 | 3 | 0 | 18 | |
| | Опожарена површина - ха | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 223,10 | 7,00 | 0,00 | 0,00 | 3,30 | 82,53 | 22,00 | 165,00 | 0,00 | 502,93 | |
| | Опожарена дрвна маса - $m^3$ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 369,00 | 728,00 | 0,00 | 0,00 | 231,49 | 335,00 | 309,00 | 100,00 | 0,00 | 2.072,49 | |
| | Причинета штета - денари | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 11.113.000,00 | 18.841.000,00 | 0,00 | 0,00 | 4.699.050,00 | 6.706.050,00 | 2.456.000,00 | 65.080,00 | 0,00 | 43.880.180,00 | |
| | **2. ШУМА ОД ЛИСЈАРСКИ ВИДОВИ** | | | | | | | | | | | | | | |
| | Број на пожари | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 9 | 4 | 14 | 0 | 29 | |
| | Опожарена површина - ха | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 50,00 | 2,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 118,40 | 284,70 | 863,20 | 0,00 | 1.318,30 | |
| | Опожарена дрвна маса - $m^3$ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 100,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 1.048,00 | 200,00 | 948,49 | 0,00 | 2.296,49 | |
| | Причинета штета - денари | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 700.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 7.336.000,00 | 1.400.000,00 | 6.639.430,00 | 0,00 | 16.075.430,00 | |
| | **3. ШУМА ОД МЕШАНИ ВИДОВИ** | | | | | | | | | | | | | | |
| | Број на пожари | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 3 | 5 | 7 | 2 | 0 | 18 | |
| | Опожарена површина - ха | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 10,00 | 0,00 | 0,00 | 1,50 | 100,10 | 37,50 | 166,00 | 0,00 | 315,10 | |
| | Опожарена дрвна маса - $m^3$ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 6,00 | 1.237,00 | 174,00 | 0,00 | 0,00 | 1.417,00 | |
| | Причинета штета - денари | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 42.000,00 | 3.103.000,00 | 6.268.000,00 | 0,00 | 0,00 | 9.413.000,00 | |
| | **4. ШУМА ОД ОСТАНАТИ ВИДОВИ** | | | | | | | | | | | | | | |
| | Број на пожари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| | Опожарена површина - ха | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | |
| | Опожарена дрвна маса - $m^3$ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | |
| | Причинета штета - денари | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | |
| | **5. ПРИЗЕМНА ВЕГЕТАЦИЈА (трева, разни грмушки и тн.)** | | | | | | | | | | | | | | |
| | Број на пожари | 2 | 1 | 3 | 8 | 0 | 0 | 2 | 3 | 13,00 | 14,00 | 18 | 0 | 64 | |
| | Опожарена површина - ха | 3,30 | 5,00 | 5,80 | 30,20 | 0,00 | 0,00 | 12,34 | 15,80 | 74,72 | 107,30 | 432,20 | 0,00 | 686,66 | |
| | Опожарена дрвна маса - $m^3$ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | |
| | Причинета штета - денари | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | |
| ВКУПНО | **Број на пожари** | 2 | 1 | 3 | 13 | 3 | 0 | 2 | 7 | 32 | 29 | 37 | 0 | 129 | |
| | **Опожарена површина - ха** | 3,30 | 5,00 | 5,80 | 303,30 | 19,00 | 0,00 | 12,34 | 20,60 | 375,75 | 451,50 | 1.626,40 | 0,00 | 2.822,99 | |
| | **Опожарена дрвна маса - $m^3$** | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 469,00 | 728,00 | 0,00 | 0,00 | 237,49 | 2.620,00 | 683,00 | 1.048,49 | 0,00 | 5.785,98 | |
| | **Причинета штета - денари** | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 11.813.000,00 | 18.841.000,00 | 0,00 | 0,00 | 4.741.050,00 | 17.145.050,00 | 10.124.000,00 | 6.704.510,00 | 0,00 | 69.368.610,00 | |
| ГАСНЕЊЕ | **УЧЕСНИЦИ ВО ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРОТ (1+2)** | 9 | 6 | 18 | 150 | 48 | 0 | 30 | 80 | 396 | 359 | 800 | 0 | 1.896 | |
| | 1. Од ЈПМШ | 5 | 3 | 16 | 81 | 28 | 0 | 25 | 44 | 214 | 273 | 550 | 0 | 1.239 | |
| | 2. Други субјекти | 4 | 3 | 2 | 69 | 20 | 0 | 5 | 36 | 182 | 86 | 250 | 0 | 657 | |
| ТРОШОЦИ ЗА ГАСНЕЊЕ - денари - | **ВКУПНИ ТРОШОЦИ ЗА ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРОТ (од 1 до 5)** | 11.600,00 | 3.485,00 | 51.468,00 | 122.949,00 | 62.074,00 | 0,00 | 20.700,00 | 68.420,00 | 323.703,00 | 420.752,00 | 1.220.914,00 | 0,00 | 2.306.065,00 | |
| | 1. Трош. за дневници | 2.700,00 | 3.285,00 | 22.888,00 | 74.177,00 | 38.844,00 | 0,00 | 16.200,00 | 45.113,00 | 225.140,00 | 273.429,00 | 825.414,00 | 0,00 | 1.527.190,00 | |
| | 2. Трошоци за гориво и мазиво | 8.600,00 | 200,00 | 6.780,00 | 27.700,00 | 10.999,00 | 0,00 | 4.500,00 | 16.700,00 | 65.153,00 | 110.624,00 | 336.560,00 | 0,00 | 587.816,00 | |
| | 3. Трошоци за средства за гасење | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 11.200,00 | 11.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 7.700,00 | 4.830,00 | 21.979,00 | 0,00 | 56.709,00 | |
| | 4. Тр. за храна за екипата за гасење | 300,00 | 0,00 | 1.800,00 | 0,00 | 731,00 | 0,00 | 0,00 | 5.267,00 | 13.227,00 | 23.685,00 | 26.031,00 | 0,00 | 71.041,00 | |
| | 5. Останати трошоци | 0,00 | 0,00 | 20.000,00 | 9.872,00 | 500,00 | 0,00 | 0,00 | 1.340,00 | 12.483,00 | 8.184,00 | 10.930,00 | 0,00 | 63.309,00 | |

Напомена: Податоците се земени од статистичките листови од системот МКФФИС и од месечните електронски извештаи кои ги внесуваат подружниците

Извор на податоци: Сектор за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола

## 5.4. Извештај за активноста на шумочуварската служба во 2018 год.

Табела 10в

| Реден број | Подружница | вкупно реони | површина на реони | вк.шумочувари | присуство на терен | води сп.книга | нарушувања од познат сторител | | | | | | | | | | | | подносени пријави | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | бесправно посечена дрвна маса | | | | одземена дрвна маса | | | | | | | | | |
| | | | | | | | број на настани | количина | вредност по комерцијален ценовник | штета по оштетен ценовник | од ЈПМШ | | од останати | | вкупно | | вредност по комерцијален ценовник | штета по оштетен ценовник | прекршочни | кривични |
| | назив | бр. | ха | бр. | бр. ден. | | бр. | м3 | денари | денари | бр. | м3 | бр. | м3 | бр. | м3 | денари | денари | бр. | бр. |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16=12+14 | 17=13+15 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| 1 | Малешево-Берово | 7 | 26.420,60 | 9 | 1.637 | 2.759 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | Равна река-Пехчево | 4 | 10.340,00 | 4 | 872 | 770 | 1 | 0,50 | 935 | 5.250 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 3 | Осогово-Кр.Паланка | 7 | 32.564,33 | 7 | 1.491 | 1.492 | 2 | 7,00 | 14.560 | 49.000 | 2 | 5,04 | 4 | 3,85 | 6 | 8,89 | 14.133 | 48.230 | 4 | 2 |
| 4 | Кратово-Кратово | 6 | 30.952,12 | 3 | 666 | 753 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5 | Осогово-Кочани | 11 | 39.100,00 | 6 | 1.602 | 1.602 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5 | Серта-Штип | 4 | 15.665,00 | 2 | 293 | 251 | 1 | 0,50 | 2.250 | 10.500 | 1 | 1,60 | 0 | 0,00 | 1 | 1,60 | 2.250 | 10.500 | 1 | 0 |
| 7 | Плачковица-Радовиш | 13 | 48.935,00 | 10 | 1.438 | 1.415 | 137 | 120,37 | 220.483 | 1.005.239 | 13 | 12,55 | 14 | 30,86 | 27 | 43,41 | 84.123 | 335.330 | 151 | 9 |
| 8 | Плачковица-Виница | 11 | 27.492,00 | 8 | 1.816 | 1.816 | 2 | 1,15 | 2.107 | 8.057 | 1 | 0,70 | 1 | 451,00 | 2 | 451,70 | 1.309 | 4.900 | 0 | 0 |
| 9 | Беласица-Струмица | 24 | 49.735,00 | 19 | 192 | 192 | 0 | 79,24 | 19.500 | 271.900 | 0 | 14,70 | 0 | 0,00 | 0 | 14,70 | 0 | 0 | 107 | 9 |
| 10 | Саланџак-Валандово | 8 | 22.522,20 | 5 | 1.069 | 1.069 | 0 | 4,80 | 5.516 | 33.300 | 0 | 0,95 | 0 | 4,40 | 0 | 5,35 | 2.929 | 17.000 | 9 | 1 |
| 11 | Кожуф-Гевгелија | 17 | 50.925,50 | 7 | 1.373 | 1.422 | 5 | 6,45 | 19.157 | 45.150 | 0 | 2,95 | 0 | 3,50 | 0 | 6,45 | 19.157 | 45.150 | 0 | 0 |
| 12 | Д.Капија-Д.Капија | 6 | 37.503,40 | 4 | 958 | 974 | 1 | 34,23 | 63.326 | 239.610 | 0 | 7,00 | 15 | 44,40 | 15 | 51,40 | 124.345 | 310.800 | 12 | 1 |
| 13 | Бор-Кавадарци | 15 | 52.637,70 | 8 | 2.205 | 2.205 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 14 | Црн бор-Прилеп | 12 | 37.395,68 | 8 | 1.398 | 1.405 | 13 | 92,16 | 171.958 | 1.374.080 | 2 | 1,40 | 17 | 13,60 | 19 | 15,00 | 30.569 | 114.800 | 4 | 2 |
| 15 | Бабуна-Велес | 18 | 54.717,98 | 10 | 1.895 | 1.886 | 4 | 47,77 | 115.603 | 10.850 | 2 | 0,00 | 0 | 0,00 | 2 | 0,00 | 2.541 | 7.350 | 0 | 0 |
| 16 | Шумарство-Св.Николе | 4 | 22.332,00 | 3 | 792 | 792 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 17 | Кајмакчалан-Битола | 12 | 41.927,90 | 8 | 1.626 | 2.414 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 18 | Бигла-Д.Хисар | 12 | 28.741,30 | 12 | 2.753 | 2.753 | 1 | 0,50 | 935 | 3.500 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 935 | 3.500 | 1 | 0 |
| 19 | Липа-Крушево | 5 | 16.054,81 | 4 | 753 | 747 | 93 | 698,42 | 1.539.214 | 4.959.940 | 0 | 2,00 | 11 | 12,90 | 11 | 14,90 | 28.383 | 90.300 | 91 | 3 |
| 20 | Преспадрво-Ресен | 9 | 22.262,50 | 5 | 1.512 | 1.512 | 19 | 11,85 | 33.588 | 82.950 | 0 | 0,00 | 4 | 3,50 | 4 | 3,50 | 10.125 | 29.500 | 19 | 0 |
| 21 | Галичица-Охрид | 14 | 38.679,96 | 11 | 2.298 | 2.298 | 1 | 0,42 | 743 | 2.940 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 22 | Јабланица-Струга | 5 | 24.354,98 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 23 | Стогово-Дебар | 8 | 12.871,02 | 4 | 795 | 769 | 12 | 16,70 | 47.461 | 116.900 | 1 | 5,60 | 0 | 0,00 | 1 | 5,60 | 14.616 | 39.200 | 0 | 1 |
| 24 | Лопушник-Кичево | 25 | 54.805,75 | 25 | 5.033 | 5.033 | 45 | 43,07 | 61.944 | 224.140 | 15 | 9,40 | 2 | 0,90 | 17 | 10,30 | 19.265 | 70.700 | 47 | 5 |
| 25 | Сандански-М.брод | 15 | 63.194,49 | 6 | 2.080 | 2.080 | 39 | 48,45 | 65.145 | 258.430 | 4 | 3,55 | 6 | 8,49 | 10 | 12,04 | 25.411 | 231.480 | 18 | 13 |
| 26 | Шар-Гостивар | 16 | 28.020,79 | 8 | 1.433 | 1.455 | 43 | 189,23 | 337.295 | 1.868.904 | 1 | 9,10 | 32 | 94,73 | 33 | 103,83 | 309.685 | 881.343 | 14 | 30 |
| 27 | Лешница-Тетово | 8 | 9.483,36 | 7 | 1.296 | 1.296 | 54 | 95,63 | 168.921 | 865.240 | 4 | 4,30 | 32 | 65,41 | 36 | 69,71 | 105.324 | 535.440 | 31 | 20 |
| 28 | Караџица-Скопје | 19 | 61.582,35 | 13 | 1.827 | 616 | 68 | 511,56 | 0 | 0 | 11 | 3,35 | 0 | 0,00 | 11 | 3,35 | 0 | 0 | 21 | 7 |
| 29 | Куманово-Куманово | 10 | 22.802,20 | 10 | 2.250 | 2.250 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 4 | 6,00 | 14 | 24,50 | 18 | 30,50 | 185.960 | 737.800 | 0 | 0 |
| 30 | Голак-Делчево | 6 | 35.993,80 | 3 | 691 | 691 | 11 | 14,22 | 26.031 | 206.215 | 0 | 6,00 | 10 | 10,93 | 10 | 16,93 | 20.103 | 153.435 | 11 | 1 |
| Вкупно | | 331 | 1.020.013,72 | 234 | 44.044 | 44.717 | 552 | 2.024,22 | 2.916.672 | 11.642.095 | 61 | 96,19 | 162 | 772,97 | 223 | 869,16 | 1.001.162 | 3.666.758 | 542 | 104 |

Извор на податоци: Сектор за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола

## 5.5. Извештај за нарушувања од непознат сторител во 2018 год.

**Табела 10г**

| Реден број | Подружница | нарушувања од непознат сторител | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | бесправно посечена дрвна маса | | | | одземена дрвна маса | | | | | | | | поднесени пријави | |
| | | број на настани | количина | вредност по комерцијален ценовник | штета по оштетен ценовник | од ЈПМШ | | од останати | | вкупно | | вредност по комерцијален ценовник | штета по оштетен ценовник | прекршочни | кривични |
| | назив | бр. | м3 | денари | денари | бр. | м3 | бр. | м3 | бр. | м3 | денари | денари | бр. | бр. |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11=7+9 | 12=8+10 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| 1 | Малешево-Берово | 253 | 1.721,81 | 4.076.244 | 30.272.331 | 0 | 171 | 0 | 81,00 | 0 | 251,90 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | Равна река-Пехчево | 6 | 14,88 | 34.168 | 524.110 | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3 | Осогово-Кр.Паланка | 1 | 3,03 | 6.330 | 65.730 | 2 | 5 | 0 | 2,10 | 2 | 7,23 | 10.960 | 80.430 | 0 | 0 |
| 4 | Кратово-Кратово | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 4,40 | 1 | 4,40 | 9.108 | 30.800 | 0 | 0 |
| 5 | Осогово-Кочани | 178 | 298,25 | 524.047 | 2.087.204 | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6 | Серта-Штип | 17 | 154,34 | 120.804 | 935.445 | 6 | 6 | 2 | 6,35 | 8 | 12,60 | 2.250 | 10.500 | 0 | 0 |
| 7 | Плачковица-Радовиш | 90 | 1.378,39 | 2.482.746 | 11.204.848 | 20 | 45 | 13 | 40,30 | 33 | 85,10 | 134.468 | 455.500 | 1 | 0 |
| 8 | Плачковица-Виница | 6 | 165,08 | 275.681 | 2.801.742 | 1 | 36 | 0 | 36,08 | 1 | 72,16 | 59.472 | 235.200 | 0 | 0 |
| 9 | Беласица-Струмица | 5 | 288,55 | 0 | 116.385 | 0 | 1 | 0 | 0,00 | 0 | 1,10 | 0 | 0 | 9 | 0 |
| 10 | Саланџак-Валандово | 3 | 17,22 | 27.130 | 118.340 | 0 | 9 | 0 | 9,80 | 0 | 18,90 | 4.025 | 22.400 | 1 | 0 |
| 11 | Кожуф-Гевгелија | 13 | 34,93 | 103.277 | 259.420 | 2 | 2 | 0 | 0,00 | 2 | 1,75 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 12 | Д.Капија-Д.Капија | 4 | 8,97 | 10.316 | 62.790 | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 13 | Бор-Кавадарци | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 7 | 10 | 18 | 22,51 | 25 | 33,00 | 38.680 | 152.580 | 0 | 0 |
| 14 | Црн бор-Прилеп | 168 | 1.476,56 | 2.752.794 | 11.401.340 | 29 | 51 | 65 | 126,25 | 94 | 177,15 | 279.004 | 1.030.560 | 0 | 0 |
| 15 | Бабуна-Велес | 58 | 942,31 | 1.675.541 | 4.880.680 | 8 | 43 | 8 | 39,82 | 16 | 82,76 | 37.437 | 210.714 | 0 | 0 |
| 16 | Шумарство-Св.Николе | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 17 | Кајмакчалан-Битола | 7 | 55,55 | 69.239 | 227.430 | 0 | 0 | 0 | 23,00 | 0 | 23,00 | 62.951 | 161.000 | 0 | 0 |
| 18 | Бигла-Д.Хисар | 206 | 334,57 | 619.896 | 2.340.580 | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 19 | Липа-Крушево | 102 | 1.669,06 | 3.506.803 | 11.685.520 | 11 | 20 | 0 | 19,70 | 11 | 39,40 | 41.629 | 137.908 | 0 | 0 |
| 20 | Преспадрво-Ресен | 17 | 47,00 | 126.900 | 329.000 | 1 | 13 | 32 | 70,91 | 33 | 84,21 | 193.631 | 460.207 | 3 | 0 |
| 21 | Галичица-Охрид | 36 | 684,25 | 1.203.452 | 4.789.750 | 1 | 1 | 0 | 0,00 | 1 | 0,70 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 22 | Јабланица-Струга | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 23 | Стогово-Дебар | 1 | 28,50 | 84.646 | 199.500 | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 24 | Лопушник-Кичево | 371 | 1.522,67 | 2.938.699 | 11.054.690 | 10 | 51 | 0 | 14,80 | 10 | 66,10 | 97.101 | 359.100 | 0 | 0 |
| 25 | Сандански-М.брод | 70 | 242,19 | 474.914 | 1.695.330 | 7 | 37 | 0 | 16,12 | 7 | 53,24 | 69.190 | 259.840 | 0 | 1 |
| 26 | Шар-Гостивар | 86 | 690,32 | 1.254.053 | 7.972.305 | 16 | 34 | 13 | 72,35 | 29 | 106,60 | 237.975 | 862.865 | 0 | 0 |
| 27 | Лешница-Тетово | 31 | 28,68 | 48.106 | 240.600 | 2 | 1 | 27 | 18,61 | 29 | 19,51 | 30.854 | 155.690 | 13 | 1 |
| 28 | Караџица-Скопје | 536 | 7.864,31 | 0 | 10.780.840 | 65 | 327 | 14 | 234,40 | 79 | 561,10 | 0 | 0 | 5 | 21 |
| 29 | Куманово-Куманово | 0 | 0,50 | 985 | 3.500 | 1 | 5 | 10 | 42,10 | 11 | 47,10 | 102.501 | 418.600 | 0 | 0 |
| 30 | Голак-Делчево | 13 | 58,80 | 102.287 | 609.600 | 1 | 7 | 1 | 26,20 | 2 | 32,80 | 43.182 | 260.900 | 0 | 0 |
| Вкупно | | 2.278 | 19.730,72 | 22.519.058 | 116.659.010 | 190 | 875,01 | 204 | 906,80 | 394 | 1.781,81 | 1.454.417 | 5.304.794 | 32 | 23 |

Извор на податоци: Сектор за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола

## 5.6. Коментар

Заштитата на шумите е систем на мерки и активности кои се спроведуваат со цел да се обезбеди опстанок на шумите, зачувување на здравствената состојба и виталност на шумите од противправно присвојување и користење, пожари, растителни болести и штетници, бесправни сечи, противправно собирање на други шумски производи и други оштетувања.

За заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетни инсекти утврдени се средства преку Програмата за проширена репродукција на шумите за 2018 год. Активностите се во насока на превентивна заштита на шумите и шумските култури од потенцијални штетници кои можат да загрозат поголеми шумски простори, а тоа ќе се врши преку организирана Извештајно и дијагнозно-прогнозна служба (ИДП служба) и преку следење на состојбата на шумите на биоиндикаторските точки поставени на 16 километарска мрежа на територијата на РМ. Шумарскиот факултет-Катедра за заштита на шумите и дрвото, до МЗШВ треба да достави Извештај за здравствената состојба на шумите во РМакедонија за 2018 година со предлог мерки и Извештај за здавствената состојба на шумите на биоиндикаторските точки на територијата на РМ за 2018 година. За оваа намена се обезбедуваат финансиски средства од МЗШВ преку Програмата за проширена репродукција на шумите за 2018 година во износ од 1.000.000,00 денари.

Од аспект на заштита на шумите, а со оглед на нашите климатски услови, како најголем произлегува проблемот со заштита на шумите од пожари кои како деструктивен елемент се сметаат за елементарна непогода со која на шумскиот фонд му се нанесуваат повеќекратни штети.

Согласно податоците кои се прибираат во текот на годината, а истите се добиени од: **Електронскиот систем MKFFIS** и електронските **Месечни извештаи за реализирани активности на шумочуварската служба** доставени до Секторот за заштита на шуми, надзор и внатрешна контрола, евидентирани се **129** пожари во текот на **2018 година**, со вкупно **опожарена површина од 2.822,99** хектари, а опожарена **дрвна маса** е **5.785,98**м$^3$ при што е причинета **штета** од **69.368.610,00** денари. **Вкупните трошоци** за гаснење на пожарите изнесуваат **2.306.065,00** денари. Во гаснењето на сите 129 пожари учествувале

**1.896 гасначи во екот на пожарите**, од кои **поголем број** се **вработени во** ЈПМШ, а **останатите се гасначи од други субјекти**. (Табела 10а, стр.42,43)

Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола ја анализира и прикажува состојбата со настанатите шумски пожари во три категории:

- Според место на настанување на пожарот;
- Според количина на дрвна маса изгорена во пожарот;
- Според видот на опожарената шума;

1. Според место на настанување на пожарот

✓ Од вкупниот број на пожари **(129),-21** пожар се настанати **вон шума и завршиле вон шума** при што е опожарена површина од **157,42ха**, нема изгорено дрвна маса, а трошоците за гаснење изнесуваат **141.564,00ден.** Во гаснењето учествувале **156** гасначи, од кои **90** вработени во ЈПМШ, а **66** гасначи биле од др. субјекти.(Табела 10 стр.41)

✓ Од вкупниот број на пожари **(129),- 28** пожари се настанати **вон шума и навлегле во шума** при што е опожарена површина од **613,70ха**, со опожарена дрвна маса **703,49м$^3$**, причинета штета од **16.568.050,00ден.**, а трошоците кои се направени за гаснење изнесуваат **443.919,00ден.** Во гаснењето учествувале **400** гасначи, од кои 277 вработени во ЈПМШ, а **123** гасначи од други субјекти.(Табела 10 стр.41)

✓ Од вкупниот број на пожари **(129),-80** пожари се настанати **во шума и завршиле во шума** при што е опожарено **2.051,87ха** со опожарена дрвна маса **5.082,49м$^3$**, причинета штета од **52.800.560,00ден.**, а трошоците за гаснење изнесуваат **1.720.582,00ден.** Во гаснењето учествувале **1.340** гасначи, од кои **872** вработени во ЈПМШ, а **468** гасначи од др. субјекти.(Табела 10 стр.41)

2. Според количина на дрвна маса изгорена во пожарот

✓ Од вкупниот број на пожари **(129),- 86** пожари се **без опожарена дрвна маса**, а при тоа била опожарена површина од **1.339,39ха**, а трошоците за гаснење изнесуваат **1.165.158,00ден.** а причинета е штета од **1.235.000,00ден.** Во гаснењето на пожарите учествувале **1.065** гасначи, од кои **724** вработени во ЈПМШ, а **341** гасначи од други субјекти.(Табела 10а стр.42,43)

✓ Од вкупниот број на пожари **(129),- 20** пожари со **опожарена дрвна маса до 10м$^3$**, а при тоа била опожарена површина од **352,50ха**, со вкупно опожарена дрвна маса **93,00м$^3$** и причинета е штета од **1.640.080,00ден.** а трошоците за гаснење изнесуваат **294.987,00ден.** Во гасењето на пожарите

учествувале **205** гаснaчи, од кои **152** вработени во ЈПМШ, а **53** гаснaчи од др. субјекти.(Табела 10а стр.42,43)

✓ Од вкупниот број на пожари **(129)**,-7 пожари се со **опожарена дрвна маса до 100м$^3$**, а при тоа била опожарена површина од **39,70ха**, со вкупно опожарена дрвна маса **193,00м$^3$** и причинета е штета од **2.167.050,00ден.**, а трошоците за гаснење изнесуваат **78.661,00ден.** Во гаснењето на пожарите учествувале **64** гаснaчи, од кои **42** вработени во ЈПМШ, а **22** гаснaчи од други субјекти. (Табела 10а стр.42,43)

✓ Од вкупниот број на пожари **(129)**,- **16** пожари се со **опожарена дрвна маса над 100м$^3$**, а била опожарена површина од **1.091,40ха**, со опожарена дрвна маса **5.499,98м$^3$** и причинета е штета од **64.326.480,00ден.**, а трошоците за гаснење изнесуваат **767.259,00ден.** Во гаснењето на пожарите учествувале **562** гаснaчи, од кои **321** вработени во ЈПМШ, а **241** гаснaчи од други субјекти.(Табела 10а стр.42,43)

3. <u>Според видот на опожарената шума</u>

✓ Од вкупниот број на пожари**(129)**,-**18 пожари** се во опожарена шума од иглолисни видови, а била опожарена површина од **502,93ха**, со опожарена дрвна маса **2.072,49м$^3$**и причинета е штета од **43.880.180,00ден.** (Табела 10б стр.44)

✓ Од вкупниот број на пожари **(129)**,- **29 пожари** се во опожарена шума од лисјарски видови, а била опожарена површина од **1.318,30ха**, со опожарена дрвна маса **2.296,49м$^3$** и причинета е штета од **16.075.430,00ден.** (Табела 10б стр.44)

✓ Од вкупниот број на пожари **(129)**,- **18 пожари** се во опожарена шума од мешани видови, а била опожарена површина од **315,10ха**, со опожарена дрвна маса **од 1.417,00м$^3$**и причинета е штета од **9.413.000,00ден.** (Табела 10б стр.44)

✓ Од вкупниот број на пожари **(129)**,- **64 пожари** се со опожарена приземна вегетација (трева, разни грмушки), а била опожарена површина од **686,66ха.** (Табела 10б стр.44)

**Во извештајната 2018 година бројот на појавени шумски пожари на отворен простор е помал поради временските прилики.**

По подружници беше испратен налог да ги ажурираат плановите за 2018 година и во нив да го применат член 34, став 2 од Законот за пожарникарство во кој се вели: "Кога во гаснењето на пожари во шума и други отворени простори покрај силите од став (1), на овој член се вклучени и вработените во правното лице, кое стопанисува со опожарените површини, со гаснењето на пожарот раководи одговорно лице согласно со неговиот план за заштита од пожари". Овој налог во целост е спроведен.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за шумите (Сл.Весник на РМ бр.160 од 31 октомври 2014 година), поради подобрување на мониторингот над шумските пожари, превентива, фактори и причинители, видот и големината на пожарот, учесниците во гаснењето и трошоците за гаснење, предизвиканите штети, во органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството се воспостави и води Единствен информативен систем и регистар за шумските пожари. Субјектите кои стопанисуваат со шумите се должни да ги собираат податоците за шумските пожари и најдоцна во рок од осум дена од денот на избувнувањето на пожарот за тоа да го известат органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството. Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството собраните податоци треба да ги достави на домашните и меѓународните тела и институции на нивно барање. Следењето на настанатите пожари е преку електронскиот систем MKFFIS, преку статистичките листови кои ги доставуваат подружниците.

ЈП"Македонски шуми" со својата активност целосно е вклучено во воспоставувањето на Методологијата за мониторинг и процена на веројатност за ризик од шумски пожари, во консултација со домашни и странски експерти, а која се темели на елементи на ризик од шумски пожари и алатки за процена на ризикот. Со посебно софтверско решение изработено по принципите на Методологијата за мониторинг и процена на веројатност за ризик од шумски пожари се утврдува дневната опасност за појава на шумски пожари, како и следење на однесувањето на отпочнатите шумски пожари.

- Согласно **Закон за заштита и спасување** (Сл.весник на РМ бр.67/04), **Закон за пожарникарство** (Сл.весник на РМ бр.67/04), **Закон за шумите** (Сл.весник на РМ бр.64/09), **Правилникот за посебните мерки за заштита на шумите од пожари** (Сл.весник на РМ *бр.82 од 19.05.2015 година*), и согласно Годишниот оперативен план кој го

изработуваат подружниците, при настанување на шумски пожар ЈП Македонски шуми има обврска да даде **прв одговор** со гасначи и средства за гаснење.

Од тука следува дека ЈП Македонски шуми има обврска да презема **превентивни, подготвителни и директни мерки за заштита на шумите од пожари.**

**Преземени превентивни и подготвителни мерки во текот на 2018 година за заштита од шумски пожари:**

1. Со цел Формирање на **тренинг центар за заштита на шумите од пожари** (во кругот на Подружница Бор-Кавадарци), како и согласно **Планот за јавни набавки за 2018** година, во март 2018г. **ЈП „Македонски шуми"** спроведе постапка за јавна набавка на услуга: **Изработка на Проектна документација за реконструкција и адаптација на постоечки објект во Кавадарци (500м2)**
2. Од средината на месец мај 2018 година ЈП „Македонски шуми" отпочна со реализација на кампањата „Лето без пожари" во соработка со МВР на РМ. Кампањата „Лето без пожари" се реализираше на патарините, граничните премини и на фрекфентни места во повеќе градови на Македонија.
3. На 18.06.2018 година Противпожарниот сојуз на РМ и Противпожарниот сојуз на Град Скопје во соработка со ЈП „Македонски шуми" ја реализираше заедничката кампања **„Да ги заштитиме нашите шуми од пожари"** која се одржа на Плоштадот „Македонија" во Скопје. За време на кампањата, преставници на ЈП „Македонски шуми", Противпожарниот сојуз на РМ и Противпожарниот сојуз на Град Скопје вршеа информативни разговори во врска со опасностите од шумски пожари при што беа поделени флаери, информативни брошури и примероци од последниот број на списанието „Наши шуми".
4. Подготовка на **Годишен оперативен план за заштита на шумите од пожари за 2018г.** -во текот на ноември и декември 2017г., сите 30 Подружници на ЈПМШ изработија ГОП за заштита на шумите од пожари за 2018 година.
5. Со цел подобро и поефикасно организирање на **набљудувачко-известувачка служба** за брза дојава при појава на пожари, особено во критичниот период во годината, во текот на април 2018год. инженерите во АЕК извршија проверка на радиофрекфенциите на старите радиостаници со кои располагаат Подружниците во склоп на ЈП „Македонски шуми", и ја утврдија нивната компатибилност со новите рачни радиостаници.

6. За вработените во ЈП „Македонски шуми", на 14 и 15 март 2018 година во просториите на Центарот за управување со кризи-Скопје се одржа дополнителна **Обука за 22 вработени на ЈПМШ** на тема: **Интегриран систем за превенција и рано предупредување за шумски пожари МКФФИС** која се состоеше од два дела: теоретски и практичен дел.
7. На 13 ноември 2018 година во просториите на Центарот за управување со кризи-Скопје се одржа Обука за 10 нови вработени во ЈПМШ на тема: **Основни насоки за употреба на апликацијата МКФФИС.**
8. На 27.04.2018, Дирекцијата за заштита и спасување одржа обука на вработени во ЈП „Македонски шуми" со која беа објаснети **техничките карактеристики на специјалните возила за прв одговор и начинот на користење на пумпите** при локализирање и гасење на шумски пожар. По одржаниот теоретски дел на обуката, претставниците на ДЗС извршија и практична демонстрација на употреба на опремата при гасење пожар на отворен простор. На обуката присуствуваа претставници на Секторот за заштита на шумите од дирекција на ЈП Македонски шуми, вработени од ПШС Малешево-Берово, ПШС Кожув -Гевгелија, ПШС Караџица-Скопје, ПШС Лопушник-Кичево и ПШС Бор-Кавадарци.
9. За потребите ЈП „Македонски шуми" во Кавадарци на 30.05.2018год., Шумарскиот факултет при УКИМ-Скопје, организираше и одржа **обука за гаснење на шумски пожари**. Обуката се состоеше од два дела: теоретски и практичен. Теоретскиот дел од обуката го одржа проф. д-р Никола Николов во СОЗШУ „Ѓорче Петров" во Кавадарци, при што беа објаснети основите на горењето, алат и опрема, техники и тактики за гаснење на шумски пожари и основи на безбедноста при гасење шумски пожари. Практичниот дел да се состоеше од практична обука за познавање на алатот и опремата, негово користење, техники и тактики за локализирање на шумските пожари. На обуката присуствуваа претставници на Секторот за заштита на шумите од дирекција на ЈП Македонски шуми, вработени од следните подружници ПШС Малешево - Берово, ПШС Кожув - Гевгелија, ПШС Караџица - Скопје, ПШС Лопушник - Кичево и ПШС Бор-Кавадарци.
10. Во организација на OSCE-Организација за безбедност и соработка во Европа, GFMC-Глобален центар за следење на шумски пожари и RFMC Регионален центар за следење на шумски пожари, на 18 и 19 декември 2018

година во Скопје беше одржана Регионалната работилница „Управување со пожари на отворен простор во Југоисточна Европа" каде зедоа учество раководни лица од ЈП „Македонски шуми"

11. За опремување на единиците за гаснење на шумски пожари по подружници во состав на ЈП, во 2018 година започната е Постапка за јавна набавка на стоки - Заштитна опрема за гаснење на шумски пожари согласно Планот за јавни набавки за 2018 година, и истата е во тек.
12. Во 2018 година во ЈП Македонски шуми по спроведени јавни огласи за вработување на неопределено време, 18 лица се распоредени со работни места во шумочуварската служба и тоа:
    - Тринаесет(13) **Чувари на шуми** во подружниците: „Малешево" Берово(2), „Серта" Штип(1), „Кожуф" Гевгелија(3), „Црн Бор" Прилеп(2), „Липа" Крушево(1), „Галичица" Охрид(1), „Шар" Гостивар(2) и „Лешница" Тетово(1);
    - Четворица (4) **Шефови по заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола** во подружниците: „Шумарство" Свети Николе(1), „Бигла" Демир Хисар(1), „Липа" Крушево(1) и „Јабланица" Струга(1) и
    - Еден(1) **Контролор на рампа** распореден во „Равна Река" Пехчево.

За потребите на припадниците на шумочуварската служба (за нови и прераспоредени припадници на шумочуварската служба кои немаат задолжено униформа по спецификација), во 2018 година започната е постапка за јавна набавка на стоки - Униформи за шумочуварска служба согласно Закон за изменување и дополнување на Законот за шумите (Сл.весник на РМ, бр160/2014), како и согласно Планот за јавни набавки за 2018 година, и истата е во тек.

13. Согласно Извадокот од Нацрт-записникот од Осумдесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 22.08.2018год., а во врска со Препораките дадени од Државниот завод за ревизија во Нацрт извештајот од ревизија на успешност „Ефикасност на мерки, политики и проекти за заштита на шумите во Република Македонија" од 26.02.2018год., Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола изготви **Акциски план за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија(со дефинирани рокови и носители за имплементација)**, и истиот е доставен до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и до Државниот завод за ревизија на 17.09.2018 година.

- Заштитата на шумите од шумски штети претставува сериозен фактор во зачувување на шумскиот фонд. Бројот на прекршителите, односно сторителите на шумски штети и кражби на дрво во последните години се зголемува, а со тоа на шумскиот фонд му се нанесуваат значителни штети. **ЈП Македонски шуми преку** Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола и шумочуварската служба, заштитува:

- Уредена површина на ниво на ЈПМШ 1.051. 641 ха
- Неуредена површина 88.018 ха

или **Вкупно се врши заштита на шумите на површина од 1.139.659ха.**

Согласно **Закон за изменување и дополнување на Законот за шумите** (Сл.весник на РМ, бр.160 од 31.10.2014г.) во член 81, дефинирано е дека правните субјекти кои стопанисуваат со државните шуми **вршат реонско чување на шумата** и притоа треба да се формираат - шумочуварски реони, односно чувањето на шумите се врши двостепено, шумочуварската служба врши реонско чување на шумите, додека шумската полиција врши контролно-патролно чување на шумите.

„Реонското чување го врши шумочуварска служба во состав на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми" и другите субјекти кои стопанисуваат и управуваат со заштитените подрачја без оглед на нивната намена".

Припадниците на шумочуварската служба во шумочуварските реони особено се овластени да: го чуваат реонот од бесправни сечи и шумски кражби, да вршат преглед на сите средства со кои се превезува или пренесува дрво во шумочуварскиот реон и на контролните рампи на шумските патишта, да ги легитимираат сите лица затечени во шума, да известуваат за појавени шумски пожари, растителни болести, шумски штетници и други непогоди во шумочуварскиот реон. За сите бесправни дејствија да ги известуваат надлежните органи во правните субјекти за стопанисување со шумите, а против прекршителите да поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен орган. Припадниците на шумочуварската служба за својата работа водат службена книга за бесправните дејствија и за утврдување на фактичката состојба во реонот.

Воведена е електронска евиденција поединечно за секој припадник на шумочуварската служба: Име и број на шумочуварски реон со кој е задолжен, лиценца број, легитимација број, телефонски број, чекан за шумска штета број, дозвола за поседување и носење на оружје број, како и следење на промените кои настануваат на шумочуварската служба со доставување на информации во континуитет.

- Со цел поефикасно и побрзо прибирање и анализа на податоците кои ги доставуваат подружниците до Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола, изготвени се нови извештаи кои се испраќаат до Секторот во електронска и пишана форма:

-Извештај за активноста на шумочуварската служба;
-Извештај за нарушувања од познат и непознат сторител;
-Извештај за активности за гаснење на пожари, причинители, преземени мерки;
-Извештај за трошоци и причинети штети од настанати пожари.

Во 2018 година за 331 реон со вкупна површина од 1.020.013,72 ха, се задолжени 234 шумочувари и 76 контролори на рампа, а за организирање на работата на шумочуварската служба се задолжени 29 шефови по заштита на шумите и екологија.

Од табеларниот преглед за активностите на шумочуварската служба може да се види дека во 2018 година поднесени се вкупно 646 пријави од кои 104 кривични и 542 прекршочни. Исто така откриени се нарушувања од познат сторител при што е одземена дрвна маса од вкупно 869.16 м3. Проценката на бесправно посечената дрвна маса изнесува 2.024.22м3 или 2.916.672,00 ден. вредност според комерцијален ценовник. (Табела 10в, стр.45)

Од табеларниот преглед за нарушувања од непознат сторител може да се види дека во 2018 година поднесени се вкупно 55 пријава од кои 23 кривични и 32 прекршочни. Исто така откриени се нарушувања од непознат сторител при што е одземена дрвна маса од вкупно 1.781,81 м3. Проценката на бесправно посечената дрвна маса изнесува 19.730,72м3 или 22.519.058,00 ден. вредност според комерцијален ценовник. (Табела 10г, стр.46)

- Во однос на потребата на пазарна валоризација на сите шумски ресурси и за целосно искористување на сите можности кои ги дава шумата, особено во поглед на искористувањето на другите шумски производи, се наметнува потребата од производство и собирање на лековити и ароматични растенија, со што шумите и шумските подрачја би биле поквалитетно вреднувани. Од продажба на други шумски производи и од дозволи во 2018 год. остварен е приход во износ од 532.068,00 денари.

Капацитетот на погонот за хидродестилација во подружницата Ш.С.„Малешево“ - Берово, според техничко-технолошките можности се движи од 7.000 до 10.000 кгр. етерични масла, во зависност од суровината која се преработува. Во текот на деловната 2018 година погонот Хидродестилара има остварено приход од продажба на етерично масло од сина смрека во износ од 291.305,00 денари.

# 6. Извршени работи за изработка на Посебни планови за стопанисување со шумите во 2018 год.

Секторот за уредување на шуми работи на изготвување на посебни планови за стопанисување со шумите, односно изготвува плански документи во кои се даваат насоки за стопанисување со шумите на одржлив и еколошки принцип.

Секторот за уредување на шуми, ловишта и проектирање самостојно и целосно изработува Посебни планови за стопанисување со шуми и ловишта. Извршителите вршат припрема во канцеларија за несметано извршување на работите на терен, а потоа преку организирање, координирање и учество во извршувањето на работите на терен со давање на упатсва за работа. По прибирањето на податоците од терен се пристапува кон средување и обработка на прибраните податоци и канцелариска изработка на Посебните планови за стопанисување со шуми. Изготвување на компјутерски карти за потребите на ППСШ, учество во расправи на рецензионата комисија, при што се постапува по договорените забелешки.

Посебни планови кои во текот на годината се предадени на Ревизија во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство се:

| Ред. бр. | Шумскостопанска единица | Подружница | Град |
|---|---|---|---|
| 1 | Јабланица - Ќафасан | Јабланица | Струга |
| 2 | Смрдешник | Плачковица | Радовиш |
| 3 | Царевиќ Дрен - Беловодица | Црн Бор | Прилеп |
| 4 | Древеник | Кајмакчалан | Битола |
| 5 | Смрдешник | Плачковица | Радовиш |
| 6 | Гоцева шума | Демир Капија | Демир Капија |
| 7 | Видуш - Крапа | Сандански | Македонски Брод |
| 8 | Воѓанска Бука | Јасен | Скопје |
| 9 | Герман - Аниште | Осогово | Крива Паланка |
| 10 | Дренак - Лисец | Осогово | Крива Паланка |

Во текот на годината Посебни планови за кои се чека Решение, а се поминати на рецензија се:

| Ред. бр. | Шумскостопанска единица | Подружница | Град |
|---|---|---|---|
| 1 | Лешничка шума | Лешница | Тетово |
| 2 | Осогово 1 | Осогово | Кочани |
| 3 | Арилец - Даутица | Сандански | Македонски Брод |
| 4 | Плачковица – Река Ломија | Плачковица | Радовиш |
| 5 | Градечка река – Река Ломија | Плачковица | Виница |
| 6 | Беласица 1 | Беласица | Струмица |
| 7 | Готен – Широки Дол - Караџузлија | Малешево | Берово |

Изработени Посебни планови за стопанисување со шумите со Решение од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство се:

| Ред. бр. | Шумскостопанска единица | Подружница | Град |
|---|---|---|---|
| 1 | Сува Гора - Милетино | Лешница | Тетово |
| 2 | Водосир – Градечка планина | Саланџак | Валандово |
| 3 | Карабалија | Кожуф | Гевгелија |
| 4 | Радовишка река – Ораовичка река | Плачковица | Радовиш |
| 5 | Царевиќ Дрен - Беловодица | Црн Бор | Прилеп |
| 6 | Јабланица | Јабланица | Струга |
| 7 | Лева Река - Бигла | Преспадрво | Ресен |
| 8 | Поца Котумбе | Сандански | Македонски Брод |
| 9 | Беличка река - Пресека | Лопушник | Кичево |
| 10 | Клисура | Демир Капија | Демир Капија |
| 11 | Јабланица - Ќафасан | Јабланица | Струга |
| 12 | Дервен Никодин | Црн Бор | Прилеп |
| 13 | Јама - Мелничани | Стогово | Дебар |
| 14 | Готен - Широки Дол - Караџузлија | Малешево | Берово |
| 15 | Лешничка шума | Лешница | Тетово |
| 16 | Беласица 1 | Беласица | Струмица |
| 17 | Градечка река - Река Ломија | Плачковица | Виница |
| 18 | Црн врв - Градиште | Бабуна | Велес |
| 19 | Осогово 1 | Осогово | Кочани |

Изготвени Анекси за измена и дополнување на посебните планови за стопанисување со шумите се:

| Ред. бр. | Шумскостопанска единица | Подружница | Град |
|---|---|---|---|
| 1 | Градска шума | Беласица | Струмица |
| 2 | Мечкин Камен - Дивјаци | Липа | Крушево |
| 3 | Простроње - Белица | Лопушник | Кичево |
| 4 | Пелистер - Брајчино | Преспадрво | Ресен |
| 5 | Езеро Младост - Караслари | Бабуна | Велес |
| 6 | Кључка Река | Караџица | Скопје |
| 7 | Пчиња | Караџица | Скопје |
| 8 | Кадина Река 1 | Караџица | Скопје |
| 9 | Тиквеш | Бор | Кавадарци |
| 10 | Серменинска шума | Кожуф | Гевгелија |
| 11 | Securitiesполка - Карабуниште | Бабуна | Велес |
| 12 | Кадина Река | Караџица | Скопје |
| 13 | Рожден 1 | Бор | Кавадарци |
| 14 | Блаце | Приватен сопственик | Скопје |

Во период од 01.01.2018 до 31.12.2018 година, Секторот за уредување на шуми, ловишта и проектирање ги изработи следниве **Посебни ловностопански основи и Анекси:**

| Ред. бр. | Ловностопански основи | Ловиште | Реон |
|---|---|---|---|
| Изработени и рецензирани за кои се чека Решение | | | |
| 1 | Сарајево | Ловиште бр.1 | Берово |
| 2 | Ратевска Река | Ловиште бр.2 | Берово |
| 3 | Палазлија | Ловиште бр.3 | Берово |
| 4 | Џами Тепе | Ловиште бр.4 | Берово |
| 5 | Чифлик | Ловиште бр.6 | Берово |
| 6 | Кадина Река | Ловиште бр.1 | Скопје |
| 7 | Рожден | Ловиште бр.5 | Кавадарци |
| 8 | Душегубица | Ловиште бр.5 | Кичево |
| 9 | Коприштица | Ловиште бр.2 | Неготино |
| 10 | Висока Чука | Ловиште бр.2 | Гевгелија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11 | Стара Река | Ловиште бр.3 | Гевгелија |
| 12 | Кованци | Ловиште бр.6 | Гевгелија |
| 13 | Стрима | Ловиште бр.1 | Куманово |
| 14 | Думановце | Ловиште бр.2 | Куманово |
| 15 | Козјак | Ловиште бр.3 | Куманово |
| 16 | Јасен | Државно ловиште | Скопје |
| 17 | Лешница | Државно ловиште | Тетово |
| 18 | Стањевци | Ловиште бр.1 | Свети Николе |
| 19 | Караорман | Ловиште бр.1 | Охрид |
| 20 | Дебарца | Ловиште бр.2 | Охрид |
| 21 | Брежани | Ловиште бр.3 | Охрид |
| 22 | Завој | Ловиште бр.4 | Охрид |
| 23 | Куманичево | Ловиште бр.2 | Кавадарци |
| **Анекси** | | | |
| 1 | Требовље | Ловиште бр.4 | Македонски Брод |
| 2 | Зрновска река | Ловиште бр.3 | Кочани |
| 3 | Бања | Ловиште бр.5 | Кочани |

За следниве ловностопански основи се прибрани теренски податоци во период од 01.01.2018 до 31.12.2018 година:

| Ред. бр. | Ловностопански основи | Реон |
|---|---|---|
| **Собрани теренски податоци за изработка на ПЛСО** | | |
| 1 | Караорман | Охрид |
| 2 | Дебарца | Охрид |
| 3 | Брежани | Охрид |
| 4 | Завој | Охрид |
| 5 | Стрина | Куманово |
| 6 | Думановце | Куманово |
| 7 | Козјак | Куманово |
| 8 | Шешково | Кавадарци |
| 9 | Куманичево | Кавадарци |
| 10 | Лукар | Кавадарци |
| 11 | Мрежичко | Кавадарци |
| 12 | Зрновска Река | Кочани |
| 13 | Стањевци | Свети Николе |

| | | |
|---|---|---|
| 14 | Јасен | Скопје |
| 15 | Јасен 1 | Скопје |
| 16 | Лешница | Тетово |
| 17 | Главовица | Кочани |

Поради следење на новите техники и методи од областа на шумарството (уредување на шуми и други специјалности) вработените во Секторот за уредување на шуми, ловишта и проектирање, посетуваат и стручни собири, работилници, симпозиуми во Република Македонија и во странство. **Постигнување на цел:** Со погоре наведеното се очекува да се одржи и зголеми капацитетот и начинот со планирање во стопанисувањето на државните шуми во Република Македонија.

Извор на податоци: Сектор за уредување на шуми, ловишта и проектирање

## 7. БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ПО КВАЛИФИКАЦИОНА СТРУКТУРА ВО ЈП "МАКЕДОНСКИ ШУМИ" (Заклучно со: 31.12.2018 год.)

на неопределено време

Табела 11

| Р.бр. | ПОДРУЖНИЦА | Д-р | М-р | ВСС | ВШС | ССС | ОО | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | "Малешево" - Берово | | | 18 | 4 | 49 | 26 | 97 |
| 2 | "Равна Река" - Пехчево | | | 11 | 2 | 17 | 7 | 37 |
| 3 | "Осогово" - Крива Паланка | | | 14 | 2 | 20 | 23 | 59 |
| 4 | "Кратово" - Кратово | | | 4 | 2 | 18 | 14 | 38 |
| 5 | "Осогово" - Кочани | | | 14 | 1 | 31 | 27 | 73 |
| 6 | "Серта" - Штип | | 1 | 9 | 2 | 13 | 8 | 33 |
| 7 | "Плачковица" - Радовиш | | 1 | 15 | 3 | 33 | 17 | 69 |
| 8 | "Плачковица" - Виница | | | 11 | 1 | 27 | 27 | 66 |
| 9 | "Беласица" - Струмица | | 1 | 21 | 3 | 33 | 46 | 104 |
| 10 | "Саланџак" - Валандово | | | 8 | 2 | 12 | 10 | 32 |
| 11 | "Кожуф" - Гевгелија | | 1 | 12 | 2 | 33 | 34 | 82 |
| 12 | "Д. Капија" - Д.Капија | | | 5 | 1 | 11 | 19 | 36 |
| 13 | "Бор" - Кавадарци | | | 20 | 2 | 65 | 74 | 161 |
| 14 | "Црн Бор" - Прилеп | | | 16 | 2 | 44 | 8 | 70 |
| 15 | "Бабуна" - Велес | | | 11 | 2 | 41 | 19 | 73 |
| 16 | "Шумарство" - Св.Николе | | | 6 | 1 | 16 | 2 | 25 |
| 17 | "Кајмакчалан" - Битола | | 1 | 15 | 3 | 55 | 9 | 83 |
| 18 | "Бигла" - Демир Хисар | | | 13 | 4 | 52 | 12 | 81 |
| 19 | "Липа" - Крушево | | | 5 | 1 | 14 | 10 | 30 |
| 20 | "Преспадрво" - Ресен | | | 15 | | 25 | 10 | 50 |
| 21 | "Галичица" - Охрид | | 2 | 12 | 1 | 48 | 18 | 81 |
| 22 | "Јабланица" - Струга | | | 9 | | 34 | 14 | 57 |
| 23 | "Стогово" - Дебар | | | 9 | | 17 | 4 | 30 |
| 24 | "Лопушник" - Кичево | | | 25 | 6 | 77 | 31 | 139 |
| 25 | "Сандански" - Мак.Брод | | | 14 | 1 | 38 | 32 | 85 |
| 26 | "Шар" - Гостивар | | 3 | 10 | 1 | 22 | 6 | 42 |
| 27 | "Лешница" - Тетово | | | 6 | 2 | 20 | 7 | 35 |
| 28 | "Караџица" - Скопје | 1 | 2 | 19 | | 38 | 15 | 75 |
| 29 | "Куманово" - Куманово | | | 15 | 1 | 37 | 13 | 66 |
| 30 | "Голак" - Делчево | | | 15 | 1 | 27 | 8 | 51 |
| | Дирекција | | 10 | 57 | 1 | 21 | 2 | 91 |
| **ВКУПНО :** | | **1** | **22** | **434** | **54** | **988** | **552** | **2.051** |
| **% на застапеност на поедините струки** | | **0,05** | **1,07** | **21,16** | **2,63** | **48,17** | **26,91** | **100,00** |




**Извор на податоци :**
**Сектор за правни, заеднички, општи работи и човечки ресурси**

# 7.1. Коментар

Основната цел и тенденција во деловната и развојна политика на ЈП "Македонски шуми" во областа на вработеноста е оптимален број на работници за остварување на планираното производство, потполна ангажираност на работниците во процесот на производството како и обезбедување на доволен број на стручен кадар од областа на шумарството. Стимулирање и стручно оспособување на постоечките кадри со посета на семинари по одредени области, а во иднина и организирање на советувања и семинари од областа на шумарството кои се во функција на стручно унапредување.

Во рамките на вкупната развојна политика на претпријатието посебно место треба да заземе и кадровската политика во смисла на ангажирање на стручни и квалитетни кадри во сите сегменти од работењето во шумарството.

Реализацијата на вака поставените развојни цели, треба да доведе до попрофитабилно работење на претпријатието, имајќи ја притоа секогаш предвид еколошката димензија во вкупното работење на ЈП "Македонски шуми".

Вкупниот број на работници во редовен работен однос на ниво на ЈП "Македонски шуми" заклучно со 31.12.2018 год. изнесува 2.051 работника. (стр.62)

Согласно потребата од зголемување на количините на огревно и техничко дрво во Програмата за работа за 2018 год., а врз основа на зголемената побарувачка на домашниот пазар на дрвни сортименти пред се на огревно дрво, како и врз основа на Барање од Македонски шуми Бр.02-804/1 од 15.11.2017 год. добиена е Согласност од Министерството за финансии Бр.02-38/1 од 03.01.2018 год за вработување на 325 лица на работно место-секач 216 лица и на работно место - дотурач 109 лица на определено време.

Во ЈП"Македонски шуми" повеќе години наназад се намалува бројот на вработени на неопределено време, најмногу со природен одлив (пензионирање). Поради тоа, реално се судираме со проблемот на недостиг од соодветни кадри, при што треба да се има предвид фактот дека во последните години вработувањата кои се вршени на неопределено време се со несоодветни кадри. Покрај тоа, со зголемување на старосната граница за пензионирање, во претпријатието се чувствува недостиг на млади и соодветно обучени кадри од областа на шумарството, кои би требало да ја превземат носечката улога во извршувањето на основната дејност на претпријатието. За остварување на

зацртаните основни цели во работењето, покрај ангажирањето и рационалното искористување на сите вработени, водечка улога на работни места од кои се бара голема стручност треба да имаат кадри од областа на шумарството како што се: раководители на Шумско – стопанските единици, одговорни за заштита на шумите, шефови на расадниците, за одржливо стопанисување со шумите од големо значење е и уредувањето на ШСЕ и планирањето во шумарството.

Според квалификационата структура на постојниот број вработени, во претпријатието од вкупно вработени со високо образование, според горенаведените потреби, може да се заклучи дека во претпријатието постоеше реален недостиг на кадри од профилите на шумарски инжинери и шумарски техничари. Поради сето тоа, а имајќи го предвид фактот што соодветната кадровска екипираност е битен предуслов за успешно извршување на работните задачи, ЈП"Македонски шуми" во Програмата за работа за 2018 година планираше нови вработувања на неопределено време, за кои се планирани финансиски средства за бруто плати.

На **Педесет и втората седница одржана на 30.01.2018 год. под точка:3 Програма за работа на ЈП,,Македонски шуми,, за 2018 година** Владата на Република Македонија заклучи дека се дава одобрение на реализацијата на планираните нови вработувања, исклучиво само за производниот процес. Согласно Нацрт- записникот од Педесет и втората седница на Владата на РМакедонија, ЈП ,,Македонски шуми,, врз основа на Барање бр.02-843/3-1 од 29.12.2017 година од Министерството за финансии доби согласност за новите вработувања на неопределено време, согласно Програмата за работа во која за тековната година се обезбедени финансиски средства.

